- 395 решенија се со даночно ослободување.
- 38 решенија се со даночно задолжување.

Вкупното задолжение по решенија за данок на наследство и подарок по предмети поднесени во 2017 година изнесува **1.032.213,00** денари од кои заклучно со 30.06.2017 година:

- наплатени се 895.777,00 денари.
- ненаплатени се 136.436,00 денари.

Во период од 01.01.2017 година до 30.06.2017 година по основ на данок на наследство и подарок остварени се приходи во износ од **2.051.023,00** денари од кои:

- 895.777,00 денари се по задолженија од предмети од 2017 година.
- 1.155.246,00 денари се по задолженија од предмети од минати години.

**ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

За период од 01.01.2017 до 30.06.2017 година во работа е **521** предмет од **данок на промет на недвижности** од кои:

- 502 предмети се по даночни пријави од 2017 година.
- 19 предмети се по даночни пријави од минати години.

Од вкупниот број предмети по даночни пријави од 2017 година - **502:**

- 27 предмети се во процедура пред овластените проценители за утврдување на пазарна вредност на недвижноста.
- 7 предмети се повлечени.
- 1 предмет е пренасочен.
- За 467 изготвени се решенија од кои:
- 429 решенија се со даночно задолжување.
- 38 решенија се со даночно ослободување.

Вкупното задолжение по решенија за данок на промет на недвижности по предмети поднесени во 2017 година изнесува **40.310.154,00** денари од кои заклучно со 30.06.2017 година :

- наплатени се 36.241.375,00 денари
- ненаплатени се 4.068.779,00 денари.

Во период од 01.01.2017 година до 30.06.2017 година по основ на данок на промет на недвижности остварени се приходи во износ од **43.762.778,00** денари од кои:

- 36.241.375,00 денари се по задолженија од предмети од 2017 година.
- 7.521.403,00 денари се по задолженија од предмети од минати години.

**ДАНОК НА ИМОТ**

За период од 01.01.2017 до 30.06.2017 година обработени се **1.537** даночни пријави, **924** даночни одјави и **394** пријави за промени на данок на имот. Од нив 31 даночна пријава е поднесена од самите даночни обврзници, а 1.506 се по службена должност.

За 2017 година изготвени се **28.800** решенија за данок на имот од кои 28.189 решенија од данок на имот на физички лица и 611 решенија од данок на имот на правни лица.

Вкупното задолжување по основ донесени решенија за 2017 година изнесува **83.356.976,00** денари од кои 61.146.922,00 денари изнесува облогот за физичките лица и 22. 210.054,00 изнесува облогот за правните лица.

Доставата на решенијата за данок на имот за 2017 година е во тек.

Во период од 01.01.2017 до 30.06.2017 година остварени се приходи по основ на данок на имот во износ од **30.820.661,00** денари од кои 20.730.634,00 денари данок на имот од физички лица и 10.090.027,00 денари данок на имот од правни лица.

Во период 01.01.2017 до 30.06.2017 година изготвени се 214 решенија за данок на имот по припис за период 2013-2016 година по службена должност со задолжение во износ од 1.526.065,00 денари.

**ПРИСИЛНА НАПЛАТА**

Во период од 01.01.2017 до 30.06.2017 година изготвени се 3160 опомени за неплатен долг по основ на данок на имот во постапка на присилна наплата , 63 опомени за неплатен долг по основ данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок и 987 решенија за присилна наплата.Во истиот период изготвени се и 10 заклучоци за целосно или делумно запирање на постапката за присилна наплата.

**ПОДНЕСОЦИ**

За период од 01.01.2017 до 30.06.2017 година поднесени се вкупно **47** барања од кои:

- 1 барање од УЈП за доставување податоци за купопродажни договори.
- 5 барања од институции и органи за утврдување на пазарна вредност на недвижноста.
- 7 барања за потврди за даночни не (обврзници) за пред судски органи, министерства и институции.
- 6 барања за потврди за даночни не (обврзници) за социјална помош , социјални станови и закупнина.
- 24 барања за потврди за платени даноци за стипендија, сместување во студентски дом, студентски кредит и виза за странство.
- 4 барања по други основи.

Сите тие се обработени и на истите е одговорено.

Во истиот период донесени се и **102** решенија за пренасочување на погрешно уплатени сретства како и **8** решенија за повраќај на паричен износ.

Во период 01.01.2017 до 30.06.2017 година извршено е вреднување и ревреднување на 594 индивидуални станбени згради ( куќи) 13 деловни простори и 315 други градежни објекти во склоп на куќите, 11 хотели, 14 деловни згради, 66 деловни простори, 5 административни згради, 51 апартман, 13 ресторани и кафулиња, 1 помошен објект, 105 гаражи и 365 станови.

**Одделение за даноци**
**Раководител**
**Ивана Бандилова Несторовска**

**Број 08-10968/26-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2017 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. - 30.06.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/27** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2017 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. до 30.06.2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/27**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

# Извештај

## За работењето на ***Одделението за комунални такси*** за периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017 година.

Во рамки на надлежностите на Локалната Самоуправа, Одделението за комунални такси ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за комунална такса за фирма(назив),изготвува решенија и ја следи наплатата на комуналната такса за фирма(назив) и комуналната такса за користење на музика во јавни локали,како и изготвување на задолженија за поставување на урбана опрема изготвување на решенија за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места и наплата на истите, како и други надлежности утврдени со закон.

**1. КОМУНАЛНА ТАКСА за фирма(назив)**

За **2016** година изготвени се **4.793** решенија за комунална такса за фирма(назив),од кои **4.310** решенија за комунална такса за фирма на правни лица и **483** решенија за комунална такса за фирма на вршители на дејност.

Во периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017 година по основ комунална такса за фирма остварени се приходи во износ од **1.985.200.00 денари**.
Доставата на решенијата за комунална такса за фирма за 2017 година е во тек.

**2. КОМУНАЛНА ТАКСА за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места.**

Во рамки на надлежностите на одделението за комунални такси,изготвено и доставени се 4 решение за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места,и тоа

**1.АКЦЕНТ МЕДИА**-за **21** ***рекламни паноа-билборди*** за период од една година во вкупен износ од **21.000.00** денари.

2.КАЛА ПЛАКАТ ДОО СКОПЈЕ-за 5 рекламни паноа за перид од една година во вкупен износ од 5.000.00 денари.

3.ЛИД КОМЈУНИКЕЈШНС ДООЕЛ СКОПЈЕ-за 7 рекламни паноа –билборди за период од една година во вкупен износ од 7.000.00 денари,наплатен е наведениот износ.

4.ТАЛЕНТА ДООЕЛ ТЕТОВО- за 12 рекламни паноа-билборди за период од една година во вкупен износ од 12.000.00 денари,наплатен е наведениот износ.

5.МАЈ ПЛЕЈС ДОО –за едно рекломно пано-билборд за период од една година во вкупен износ 1.000.00 денари наплатен е наведениот износ.

**3.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.**

-Во периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017 година, по основ комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност,врз основа на доставените

договори за закуп од Секторот за урбанизам,издадени се **24 ЗАДОЛЖЕНИЈА** и остварени се приходи во вкупен износ од **2.074.687.00** денари. По склучувањето на Договорите за закуп во Секторот за урбанизам и нивното проследување до оддееление за комунални такси,обврзниците се задолжуваат за уплата на комуналната такса,која е еден од условите за добивање на ОДОБРЕНИЕ за поставување урбана опрема.

**4.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на музика во јавните локали.**

- За 2017 год. изготвени се 110 решенија за комунална такса за користење на музика во јавни локали.Доставата на решенијата е во тек,а до 30. 06. 2017 год. остварени се приходи во износ од **183.150.00** денари.

**5. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на улици со патни возила.**

Во периодот од 01.01.2017 до 30. 06.2017 година, остварени се приходи во износ од **2.211.878.00 денари.**

**6.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење и одржување на јавно осветлување.**

Во периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017 година,остварени се приходи во износ од **31.118.982.00 ден.**

ОДДЕЛЕНИЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ
Раководител,
Миливој Котески

**Број 08-10968/27-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2017 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 30.06.2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за заштита на животната средина и природата за 2017 година за периодот од 01.01. - 30.06.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/28** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2017 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. - 30.06.2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2017 година за периодот од 01.04. до 30.06.2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на Законот за животна средина(Сл. Весник на РМ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/2012,93/13,42/14,44/15, 129/15,39/16), член 60 од Законот за локална самоуправа(Сл. Весник на РМ бр.5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид (Сл. Гласник на Општина Охрид бр 8/07), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај :

**ИЗВЕШТАЈ**
**од 01.04.2017год до 30.06.2017год.**
**П Р О Г Р А М А Р1**
**Заштита на животната средина и природата за 2017 година**

Со програмата за заштита на животната средина и природата за Општина Охрид за 2017 година се планирани активности врз основа на анализата на проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во Општина Охрид, а кои се во функција на на истите во сите медиуми, вода, воздух, почва и природата.
Средствата за реализација на оваа програма се планирани во буџетот на Општина Охрид.

Главна цел на оваа програма е заштита и унапредување на животната средина и природата преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка .
Програмата опфаќа:

- Процена на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, процена и поставување на проблемите од областа на животната средина , базирани на ризикот за човечкото здравје , еко системите и квалитетот на животот;
- Развивање на стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината ;
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината ;

Врз основа на степенот на загаденоста на животната средина во дадено подрачје, содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето , од интерес и во надлежност на општината , а особено за :

- Снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;
- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Заштита на воздухот од загадување и подобрување на квалитетот на воздухот;

| Ред.бр. | Назив на проектот | Реализација | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Санација и ревитализација на Охридските чинари** | За реализација на проектот предвидени се средства во висина од 570.000,00ден Спроведена е постапка, избран е најповолен понудувач и е потпишан договор.Отпочнати се активности на терен заради реализација на проектот | Изготвен е елаборат за валоризација , санација и ревитализација на чинарот на Плоштад „Чинар“ и е подготвена иницијатива за прогласување во III категорија на заштита – споменик на природата. Во изработка се елаборатите за преостанатите чинари и кочеџикот. **Наведените активности се реализирани во вториот квартал од тековната година** |
| 2. | **Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина врз плански документи** | За реализација на проектот предвидени се средства во висина од 200.000, 00ден Спроведена е постапка избран најповолен понудувач и е потпишан договор. | **Завршен проект Наведените активности се реализирани во вториот квартал од тековната година** |
| 3. | **Одбележување на денот на планетата Земја 22 април - Креирај ја својата органска градина** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 30.000, 00ден | **Завршен проект.** Во рамките на проектот беа избрани две пилот училишта ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец и ОУ „Христо Узунов“ Охрид, во чии што училишни дворови беа креирани органски градини. **Наведените активности се реализирани во вториот квартал** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **од тековната година.** |
| 4. | **Цветни балкони- цветен Охрид** | За реализација на проектот се предвидени средства во висина од 100.000,00ден. | **Завршен проект** Во рамките на проектот беа поделени 500 жардиниери со саксиско цвеќе на жителите од улиците Железничка ,Прилепска, Винковачка ,Будва и Кленоец. **Наведените активности се реализирани во вториот квартал од тековната година.** |
| 5. | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни(акција за собирање на стара хартија во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот не се предвидени финансиски средства | **Завршен проект** Во рамките на проектот беа собрани 1тон (еден) Стара хартија во соработка со основните училишта во Општина Охрид **Наведените активности се реализирани во вториот квартал од тековната година.** |
| 6. | **Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот се предвидени средства во висина од 30.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во месец септември |
| 7. | **Одбележување на Европска недела на мобилност–ден без автомобили** | За реализација на проектот се предвидени средства во висина од 20.000, 00ден Во рамките на проектот општина Охрид ќе биде вклучена во мрежата на | Проектот ќе се реализира во месец септември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | европски градови за одбележување на овој ден | |
| 8. | **Одбележување на 22 декември ( најкраткиот ден во годината)- Изработка на еко календар за Охридските училишта** | За реализација на проектот предвидени се средства во висина од 60.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во наредниот период |
| 9. | **Избор на најубаво украсен новогодишен двор или балкон во Општина Охрид за 2018 година** | За реализација на проектот предвидени се средства во висина од 20.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во наредниот период |
| 10. | **Ревизија на Основен проект „Изработка на неопходна документација за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Југозападниот регион“** | За реализација на проектот предвидени се средства во висина од 90.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во наредниот период |
| 11. | **Воспоставување на катастар на загадувачи на воздухот, водата и почвата** | За реализација на проектот предвидени се средства во висина од 30.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во наредниот период |

- Управување со отпад;
- Заштита од бучава настаната како резултат на стопанските и другите дејности и активности;
- Зголемување на енергетската ефикасност;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси;
- Подигање на јавна свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој.

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад , а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид.

Дел од тие програми се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

## I. Табела на активности предвидени за заштита на животната средина и природата за 2017год. во опфатениот период

### II – Финансиски дел за активности за период 01.01.до 30.06.2017 година

Согласно финансиската евиденција во опфатениот период од оваа програма се реализирани вкупно 194.538,00 денари.Наведените средства се потрошени за плаќање на стари обврски за изработка на документација од обласла на заштита на животната средина .

**Број 08-10968/28-1**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2017 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. - 30.06.2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за одржување на јавна чистота за 2017 година за периодот од 01.04. - 30.06.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/29**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2017 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. - 30.06.2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2017 година за периодот од 01.04. - 30.06.2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/29**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

***ИЗВЕШТАЈ ОД 01.04.2017 ДО 30.06.2017***
**ПРОГРАМА Ј4**
**Одржување на јавна чистота за 2017 година**

Врз основа на „Законот за јавна чистота“ (Сл. Весник на РМ бр.111/08,130/10,23/11,53/11,80/12,163/13,44/15 и 147/15) „Законот за локална самоуправа“(Сл. Весник на РМ бр.5/02) и Статутот на Општина Охрид (Сл. Гласник на Општина Охрид бр 8/07), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за период од 01.04. до 30.06.2017 година.

Оваа Програма ја спроведува Одделението Јавна Хигиена од Работната Единица Комунална Хигиена, а се однесува на годишно одржување на улиците, тротоарите и другите јавни површини на територијата на Општина Охрид.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавни и сообраќајни површини, одржување на пешачки патеки, детски игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирање и депонирање на собраниот смет.

Динамиката на одржување на чистота на јавните и сообраќајните површини е одредена со предложенава Програма за работа, која се изготвува согласно Одлуката за комунален ред, а се врши преку:

- Рачно и машинско метење на јавно – прометни површини ;
- Собирање на хартија и други отпадоци;
- Празнење на корпи за отпадоци;
- Прскање и миење на улици во летен период;

За подобро извршување на работите од страна на Одделението „Јавна Хигиена“ улиците се групирани оперативно во четири категории:

- **I категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој ден преку цела година, се мијат секој ден во период од 6 месеци ,а другите шест месеци по потреба. Тоа се улици главно сконцентрирани во центарот на градот. Овие површини се метат рачно и машински;
  Исто така заради зголемените активности околу одржувањето на јавната хигиена во с.Трпејца, с.Пештани, нас.Св.Стефан, потегот од нас.лагадин до нас.Елешец, плажа грашница и плажа Сараиште и с.Велгошти, истите влегуваат во I –ва категорија, односно ќе се метат секој ден во текот на летната сезона.
- **II категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој втор ден во неделата. Тоа се улици кои се тесно поврзани со оние од I-ва категорија, или се дел од нив. Истите се мијат секој втор ден, а се метат рачно и машински;
- **III категорија**: влегуваат улиците кои ќе се метат два пати неделно, повеќето од нив од стариот дел на градот и ќе се чистат рачно;
- **IV категорија**: влегуваат улиците кои се чистат еднаш неделно рачно и машински, а се улици од поширок круг од центарот на градот.
  Исто така во оваа категорија со истиот режим на чистење влегуваат и селските населби и туристички места.

Согласно категоризацијата улиците ќе се третираат на следниот начин:

- **I категорија -**
  - метење 365 работни дена;
  - миење на улици 210 дена;
  - празнење на корпи за отпадоци 365 работни дена;
- **II категорија -**
  - метење 183 работни дена;
  - миење на улици 110 дена;
- **III категорија -**
  - метење двапати неделно;
  - миење на улици 60 дена.
- **IV категорија -**
  - метење еднаш неделно;

- миење на улици 30 дена.

Метењето на улиците се врши секојдневно од 05- 11 часот, а собирањето на хартија и празнењето на корпите за ѓубре се врши во две смени од 12-18 часот и 18-24 часот. Во летниот период се врши и секојдневно прскање и миење на улиците, како и машинско метење на улиците во периодот од 02-08 часот. Работниците се распоредени во групи кои имаат свои реони за работа, а се групирани во групи од двајца извршители и тоа еден метач и еден опслужувач на количка – јапонер.

**I –Изведени активности за период од 01.04. до 30.06.2017 година**

Согласно календарот за работа во изминатиот период се извршени следните активности по месеци:

Месец април:

- Метење и миење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 30 дена
- Метење и миење на улици од II –ра категорија . . . . . . . . . . . . . . . 14 дена
- Метење и миење на улици од III –та категорија . . . . . . . . . . . . . . . 8 дена

Месец мај:

- Метење и миење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 31 ден
- Метење и миење на улици од II–ра категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 15 дена
- Метење и миење на улици од III–та категорија . . . . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење и миење на улици од IV-та категорија . . . . . . . . . . . . . . . 4 дена

Месец јуни:

- Метење и миење на улици од I –ва категорија . . . . . . . . . . . . . . . . 30 дена
- Метење и миење на улици од II –ра категорија.. . . . . . . . . . . . . . . 14 дена
- Метење и миење на улици од III–та категорија . . . . . . . . . . . . . . . 8 дена
- Метење на улици од IV-та категорија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 4 дена
  ( селски населби и туристички места )

**II – Реализирани активности за период 01.01.до 30.06.2016 година**

Реализацијата на активностите:

- Рачно метење на јавно – прометни површини ;
- Собирање на хартија и други отпадоци;
- Празнење на корпи за отпадоци;
- Прскање и миење на улици во летен период;

Реализацијата за наведениот период согласно Извештајот за спроведување на буџетот, изнесува 8.049.796,00 денари, кои се однесуваат на исплата дел на новонастанати обврски, како и за обврски од претходни години.

**Број 08-10968/29-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2017 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2017 година за периодот од 01.04. до 30.06.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/30** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2017 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2017 година за периодот од 01.04. до 30.06.2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/30** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

***ИЗВЕШТАЈ ОД 01.04. ДО 30.06.2017***
**ПРОГРАМА Ј7**
**Одржување и користење на паркови и зеленило за 2017 година**

Врз основа на „Законот за локална самоуправа“(Сл. Весник на РМ бр.5/02), Статутот на Општина Охрид (Сл. Гласник на Општина Охрид бр 8/07) и Комуналниот ред на Општина Охрид (Сл.гласник бр.9/13), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај за реализација на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за период од 01.04. до 30.06.2017 година:

Градското зеленило опфаќа површина на територија на градот и тоа: паркови, скверови, зеленило на сообраќајници, дрвореди и др. Вкупната површина која се одржува изнесува 74.329 $m^2$.

Редовно се одржуваат тревните површини со косење, полевање, засадување сезонско цвеќе и негово одржување, како и одржување на постоечкиот саден материјал во парковите. Исто така на сите јавни површини се врши кроење на дрвниот фонд заради нивна превентива од оштетување од временски неприлики, болести и штетници, како и отстранување на опасни дрва заради заштита на материјални добра и луѓе.

Дрворедите долж сообраќајниците се одржуваат исто така со нивно навремено окопување, чистење од трева, полевање преку сезона и кроење.

Зеленилото во жардињерата на Бул.„Туристичка“ на површина од 1.350 m$^2$, како и жардињерата на ул.„Железничка“ со 4.000 садници од се одржува со редовно чистење од трева, полевање и кроење.

Вонградското зеленило со вкупна површина за одржување го опфаќа локалитетот „Кале“ со површина од 340.000 m$^2$. За адекватна заштита и одржување на овие површини потребно е нивно редовно чистење, косење на тревата, проредување на шумата со чистење на сувите дрва, засадување на нови и сл.

***ИНТЕНЗИТЕТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2017 ГОДИНА***

| ***Вид на операција*** | ***Квалификација*** | ***Единица мера*** | ***Количина*** | ***Број пати*** | ***Вкупна количина*** |
|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева | КВ | m$^2$ | | | |
| -паркови | | | 49.465 | 14 | 692.510 |
| -Бул.„Туристичка“ | | | 13.340 | 9 | 120.060 |
| -ул.„Ј.Санд.“ и „7-ми Ноем.“ | | | 6.360 | 5 | 31.800 |
| -парк Рача | | | 3.500 | 8 | 14.000 |
| -круж.текБул.„Турист“и „АСНОМ“ | | | 314 | 9 | 2.826 |
| Собир.трева по маш.косење со изнес. | ОР | m$^2$ | 40.365 | 4 | 161.460 |
| Полив.трева, дрва и гр. | КВ | m$^2$ | 40.365 | 2 | 80.730 |
| Чистење трева од лист со изнесување | ОР | m$^2$ | 38.000 | 2 | 76.000 |
| Сад.цвет.површ.со опер.ѓубр.и расад. | КВ | бр. | 15.000 | 2 | 30.000 |
| Прашење и полев.цезон цвеќе | КВ | бр. | 15.000 | 2 | 30.000 |
| Кроење-режење грмуш. | КВ | бр. | 9.300 | 1 | 9.3000 |
| Кроење режење тренд. | КВ | бр. | 700 | 2 | 1.400 |
| Собир.харт.и отпадоци | ОР | дена | 365 | 1 | 365 |

**КАЛЕНДАР**
**ЗА РАБОТА НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2017 ГОДИНА**

| ***Вид на операција*** | ***Јан.*** | ***Фев.*** | ***Март*** | ***Апр.*** | ***Мај*** | ***Јуни*** | ***Јули*** | ***Авг.*** | ***Септ.*** | ***Окт.*** | ***Ноем.*** | ***Дек.*** | ***Вк.*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева | | | | | | | | | | | | | |
| -паркови | | | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | | | | 9 |
| -Бул.„Туристичка“ | | | | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | | | | 8 |
| -ул.„Ј.Санд.“ и „7- | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | 5 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ми Ноем.“<br>-парк Рача<br>-круж.тек Бул.„Турист“и „АСНОМ“ | | | | 1<br>1 | 1<br>1 | 1<br>1 | 1<br>1 | 1<br>1 | | | | | 5<br>5 |
| Полив.трева, дрва и гр. | | | | | | | 1 | 1 | | | | | 2 |
| Сад.цвет.површ.со опер.ѓубр.и расад. | | | | | 1 | | | | | | 1 | | 2 |
| Прашење и полев.цезон цвеќе | | | | | | 1 | 1 | | | | | | 2 |
| Кроење-режење грмуш. | | | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| Кроење режење тренд. | | | 1 | | | | | | | | 1 | | 2 |
| Собир.харт.и отпадоци | 31 | 28 | 31 | 30 | 31 | 30 | 31 | 31 | 30 | 31 | 30 | 31 | 365 |

НАПОМЕНА: Операциите садење цветни површини со операциите ѓубрење и расадување, како и кроење-режење на трендафили и грмушки можат да се вршат и во други периоди од годината во зависност од временските услови

**I – Изведени активности за период од 01.04. до 30.06.2017 година**

Согласно календарот за работа во изминатиот период се извршени следните активности по месеци:

Месец април:

- Машинско косење трева во градски парк . . . . . . . . . . . 49.465 м$^2$
- Машинско косење трева на Бул.„Туристичка“ . . . . . . . . . .13.340 м$^2$
- Машинско косење трева на ул.„Ј.Сандански“ и ул.„7-мо Ноември“. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6.360 м$^2$
- Машинско косење трева на кружен тек Бул.„Туристичка“ и ул.„АСНОМ“. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 314 м$^2$
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 30 дена

Месец мај:

- Машинско косење трева во градски парк. . . . . . . . . . . . 49.465 м$^2$
- Машинско косење трева на Бул.„Туристичка“ . . . . . . . . . .13.340 м$^2$
- Машинско косење трева на ул.„Ј.Сандански“ и ул.„7-мо Ноември“. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6.360 м$^2$
- Машинско косење трева парк Рача. . . . . . . . . . . . . .. . . . 3.500 м$^2$
- Машинско косење трева на кружен тек Бул.„Туристичка“ и ул.„АСНОМ“. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 314 м$^2$
- Садење на цветни површини со операции ѓубрење и расадување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10.000 бр.
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 31 ден
- Машинско косење трева со грбна косачка, чистење на трња и грмушки на ул.„АСНОМ“, ул.„Гоце Делчев“,ул.„Галичица“, ул.„Никола Карев“, ул.“Кленоец“, нас.Даљан, нас.Варош, нас.Гоце Делчев, дворно место на општина Охрид, сообраќајна клучка и од канал на Билјанини Извори до х.Парк.

Месец јуни:

- Машинско косење трева во градски парк ( 2 пати ). . . . 49.465 м$^2$

- Машинско косење трева на Бул.„Туристичка“ ( 2 пати ). . .13.340 м$^2$
- Машинско косење трева на ул.„Ј.Сандански“
  и ул.„7-мо Ноември“. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6.360 м$^2$
- Машинско косење трева на кружен тек
  Бул.„Туристичка“ и ул.„АСНОМ“ ( 2 пати ). . . . . . . . . . . . 314 м$^2$
- Машинско косење трева парк Рача. . . . . . . . . . . . . . . .. . . . 3.500 м$^2$
- Прашење и поливање на сезонско цвеќе . . . . . . . . . . . . . . .10.000 бр.
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото . . . . . . . . . 30 дена
- Машинско косење трева со грбна косачка, чистење на трња и грмушки на ул.„Гоце Делчев“, ул.„Сирма Војвода“, ул.„15- ти Корпус“, ул.„Марко Цепенков“, ул.„Егејска“, ул.“Железничка“, ул.„Аргир Маринчев“, нас.Рача, нас.Христо Узунов, нас.Св.Стефан, с.Трпејца, с.Лакочереј, с.Лескоец, с.Пештани и с.Велгошти, дворно место на општина Охрид, спомен парк на Револуцијата и од канал на Билјанини Извори до х.Парк.

**II – Реализирани активности за период 01.01. до 30.06.2017 година**

Реализацијата на активностите:

- Машинско косење трева
- Собирање трева по маш.косење со изнесување
- Садење на цветни површини со операции ѓубрење и расадување
- Прашење и поливање на сезонско цвеќе
- Собирање хартија и отпадоци од зеленилото
- 

Реализацијата на активностите за наведениот период согласно Извештајот за спроведување на буџетот, изнесува 4.833.399,00 денари, кои се однесуваат на исплата дел на новонастанати обврски, како и за обврски од претходни години.

**Број 08-10968/30-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2017 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. - 30.06.2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за спорт и рекреација за 2017 година за периодот од 01.04. - 30.06.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/31** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на

општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2017 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. - 30.06.2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2017 година за периодот од 01.04. - 30.06.2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/31**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ За реализација на програмата за спорт и рекреација 2017 год.**
**Период од 01.04 до 30.06.2017**

Создавањето услови за спортување на сите генерации, за правилен физички развој на младите генерации преку изградба, реконструкција и опремување на спортските сали, фудбалски игралишта, организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Општината Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

Поддршката за учество во училишните лиги во повеќе спортови во соработка со Сојузот на училиштен спорт е од особено значење.

Направена е целосна анализа на состојбата на спортските терени со програма за целосна санација и приоритет за изградба на спортски терени односно повеќенаменски игралишта таму каде ги нема .

Во извештајниов период завршена е набавката спроведена со Оглас за прибирање понуди бр.18/2016 - Изработка на повеќенаменско игралиште со вештачка трева и ПВЦ покрив врз метална конструкција, а за најповолен понудувач е избрана фирмата ДООЕЛ„МСА Компани“Скопје.

По завршените градежни работи за поставување на гумена подлога на игралиштето во ОУ „Св.Климент Охридски“ – Охрид ,со текот на користењето на игралиштето констатирани се големи оштетувања на теренот за што благовремено направени се фотографии и воедно писмено е известен изведувачот дека е должен да ги отстрани оштетувањата на теренот согласно Договорот.

Во извештајниов период продолжи субвенционирањето на трошоците за користење на спортски терени на ЈП„Билјанини Извори“-Охрид , субвенции користат: РК„Охрид 2013“, РК„Лихнид“, КК„АВ„„КК„Колибри“, ТК„Давид“КБ„ГолденТим“ДООЕЛ„ Црвен Крст,

ГФК„Охрид Лихнидос“, ЖФК„Билјанини Извори“, ОФС Охрид, ФК„ОСК Фер Плеј“, ФК „ЛА МАСИА“, ФК„ФЦ Копенхаген“, ФК„Еврофудбал 2 Вардар“, ФК „Охрид Топ Тим“ , КК „Чоле“ БЦЦ„Д СТРОНТЕС“, АК „Охрид“ и ТК „Охрид“ .

Општина Охрид ги објави добитниците на финансиските средства по „Јавниот повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на Општината Охрид“ за 2017 година ,од областа на спортот добитници се: Школа за пливање „Делфина 2012“,Општински фудбалски сојуз,Клуб за одбојка на песок БВБ Македонија,Здружение за спорт и рекреација ПРВ ДО ВРВ,ККМ на вода „Стрмец“,Сојуз на спортови Охрид,ЖРК „Лихнид“,Здружение на пензионери-Клуб на пензионери,Здружение на спортови на вода Акватика Јахтинг,Сојуз на училиштен спорт, Здружение 4х4 ОФФ РОАД Охрид ,Здружение на инвалиди на трудот - Охрид, Сојуз за спорт и рекреација на инвалиди Охрид ,Асоцијација на спортови СПОРТ ЗА СИТЕ – СИТЕ ЗА СПОРТ Охрид, Здружение од областа на коњичкиот спорт „Велгошка Гордост“ -Велгошти и ФК „Воска“ Охрид .

Како резултат на финансирањето и создавањето услови за одбележување се постигнатите резултати на: Ракометниот клуб „Охрид 2013“, се натпреваруваше во Плеј Оф натпреварите во разигрување за титулата Државен првак, како и разигрување во Куп натпреварите во Македонија

По освојувањето на третото место РК„Охрид 2013“ избори пласман во второто по ранг натпреварување во Европа учество во Купот на ЕХФ.

ЖРК „Лихнид“ го освои третото место на завршниот турнир во женска кадетска конкуренција .

ФК „Воска“ повторно ќе се натпреварува во третата лига .

Со забележителни резултати се Атлетскиот клуб Охрид,Охридските стрелци,Теквондо клубот „ХВА РАНГ ИТФ“ - Лескоец

Општината Охрид во рамките на своите можности а согласно Буџетската програма ЛО Спорт и рекреација за 2017 г. издвои средства во висина од 18.300.000.00 а во извештајниот период потрошени се 4.703.766,00 за реализација на следните активности:

Согласно Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за користење на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“

**КОНТО 425130** *ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ДРУГ ТИП НА ПРОСТОР*
*Средства во висина од 1.671.500.00*
**КОНТО 463120** *ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ*
*Средства во висина од 2.375.000.00* и тоа:

| | |
|---|---|
| РК „Охрид 2013“ АД | 850.000,00 |
| РК „Охрид 2013“ АД | 950.000,00 |
| Веслачки клуб„Југ“ | 300.000,00 |
| Клуб за подводни дејности | 40.000,00 |
| З С „Акватика Јахтинг“ | 25.000,00 |
| Сојуз на спортови на инвалиди Охрид | 20.000,00 |
| Сојуз на спортови Охрид | 25.000,00 |
| КК „Стрмец“ | 12.500,00 |
| ФК „Воска“ | 75.000,00 |
| ОФС Охрид | 12.500,00 |
| РК „Лихнид“ | 15.000,00 |
| ПШ „Делфина 2012“ | 25.000,00 |
| ЗК одбојка на песок БВБ | 25.000,00 |

**КОНТО 464990** ДРУГИ ТРАНСВЕРИ

| | | |
|---|---|---|
| „Спорт за сите – сите за спорт“ Асоцијација на спортови - Охрид | 25.000,00 | Организирање на манифестација |

**КОНТО 482920** ИЗГРАДБА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ

*Средства во висина од 618.349.00* и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| „Дион Градител“ | 618,349.00 | Поставување на детското игралиште Стобекс - Видобишта |

**КОНТО 482930** РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ

*Средства во висина од 13.917,00* и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| ЈП „ Нискоградба“ | 13,917.00 | Санација на игралишта |

Позначајни настани и активности :

*Април* Ф 4 турнир во кадетска конкуренција ракомет жени „Жогарија“ на општинско ниво;
Како победник на Општинскиот натпревар екипата на ОУ „Христо Узунов“ учествуваше на македонското финале во Прилеп;
Наспап на ФК „Ла Маиа“ на фудбалски турнир во Белград;
Учество на меѓународен турнир во ракомет на РК„Охрид 2013“ и РК„Лихнид“ во Златибор;
Учество на турнир во Битола на Охридки фудбалски судии;
Спортски игри „Живеј здраво-Живеј безбедно“;
Настап на ФШ ФК „Фер Плеј“ на меѓународниот фудбалски турнир „Талент Куп“ во Дубровник;

*Мај* Спортски хепенинг „ Спортот и семејните вредности 2017“;
Настап на ТК „ХВА РАНГ ИТФ“ Лескоец на 15„ Љубљана Опен“;

*Јуни* Спортска манифестација „Охрид трчаТ“;
Настап на ТК ХВА РАНГ ИТФ Лескоец на меѓународните „Мали Зворник Опен 2017“;
А класа турнир „Романија Опен 2017“;
Охридските атлетичари Мартина Мироска и стефан Стефаноски избрани во Македонската репрезентација за наспап во Малта ;
Меморијален турнир во мал фудбал „Лескоец 2017“;
Охрид домаќин на Шаховската олимпијада за слепи и визуелно хендикепирани лица 2017 година;
Трофејот од Супер купот на Европа во Охрид ;
Ракометен камп „ Кирил Лазаров 7“ 2017 година;
ФК„Охрид Топ Тим“ организатор на младинскиот фудбалски турнир „Трофеј Охрид Топ Тим 2017“;

Вообичаено во периодот Април – почеток на Јуни во повеќето колективни спортови се реализираат пролетните натпреварувања на првенствените натпревари, па

поради тоа во извештајниот период се бележат настани и активности со зголемен интензитет.

Согласно Извештајот за спроведување на буџетот во периодот од 01.01.до 30.06.2017 година, реализацијата на активностите изнесува 10.864.258,00 денари.

**Број 08-10968/31-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. – 30.06.2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работата на Секторот за образование, детска, социјална и здравствена заштита за периодот 01.01. – 30.06.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/32** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. – 30.06.2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Секторот за образование, детска, социјална и здравствена заштита за периодот 01.01. – 30.06.2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/32** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА *НА СЕКТОРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА, СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА***
**за периодот 01.01. - 30.06.2017 година**

**Вовед:**

Во делокругот на своите работни задачи, Секторот за образование детска, социјална и здравствена заштита, ги опфаќа: основното и средното образованието, детската, социјалната и здравствената заштита.

Директни надлежности Општина Охрид има само во делот на образованието и детската заштита.

Надлежностите во овие општествени дејности се во смисла на основање, финансирање и администрирање на основните, средните училишта и детската градинка, во соработка со централната власт.

Согласно Законите за основно,средно образование и детска заштита како и согласно актуелните правилници и нормативи донесени од страна на ресорните министерства,општината секоја година финансира одреден број активности кои се составен дел на Годишните програми за образование и детска заштита за 2017 година.

## *Образование и детска заштита*

На почетокот од 2017 година, Одделението за образование достави до МОН **предлог-план за упис на ученици во прва година** во средните училишта,како основ за подготвување на Конкурсите за упис на ученици во учебната 2017/2018 година .

Во дејностите опфатени во овој Сектор , во временскиот рок предвиден со Законот беа доставени до Советот на Општината на разгледување и усвојување:

- Годишните извештаи за материјално-финансиското работење на училиштата и градинката

Во Одделението за образование, тековно,според потребите се изготвуваат и се доставуваат до училиштата и детската градинка **согласности за отпочнување постапки** за јавни набавки, **согласности за исплаќање средства** од општинската сметка, **согласности за издавање под закуп на објекти** кои се во нивна сопственост, **согласности за годишни планови** за вработување и воедно, се следи законитоста во овој дел од работењето на училиштата и градинката.

Во текот на двата квартали ,според тековните потреби, издадени се 9 согласности за ангажирање лица на замена до три месеци на отсутен вработен во основните училиштата и 3 согласности во средните училишта. Исто така, издадени се согласности за ангажирање на 17 лица во детската градинка, на определено време, преку Агенција за посредување при вработување, финансирани од општински средства. Издадена е една согласност за отпочнување постапка за јавна набавка во ОСУ „Св.Климент Охридски“.

Одделението за образование врши контрола на месечните пресметки на плати за вработените во училиштата и детската градинка и истите ги проследува до надлежните министерства.

Исто така, Одделението за образование изготвува согласности за исплата на надоместоците по основ пензионирање и солидарна помош за вработените во училиштата.

Одделението за образование ,преку работата на Општинската комисија за трансформација на работен однос од определено на неопределено време , достави до МОН барање и доби согласности за трансформација на работен однос на 8 лица во основните училишта и 12 лица во средните училишта .

**Во соработка со Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита, во периодот 01.01. - 30.06.2017 година, во училиштата и детската градинка се реализираат поголем број активности и проекти. Дел од нив се реализираат континуирано од почетокот на учебната година:**

**- Проект за меѓуетничка интеграција во образованието:** Целта на овој проект кој се реализира во соработка со УСАИД во рамки на Компонентата 2 за градење на капацитети, е да овозможи континуиран развој на активностите за меѓуетничко интегрирање во средината,

каде што клучните учесници во образованието активно учествуваат и се организираат различни работилници за професионален развој, активности за учење организирани на ниво на училиште и последователна менторска програма. Со проектот се опфатени наставниците, раководствата на училиштата, членовите на училишниот одбор, родителите и одговорните за образование на општините со цел да стекнат вештини потребни за успешно интегрирање во нивните училишта, за пофокусирано заедничко работење со општината насочено кон јакнење на МИО преку интензивна соработка со основните и средните училишта во Охрид.Покрај реализираните работилници и другите активности, во 2017 година се продолжи со развивање на продлабочена соработка на општината со училиштата за унапредување на МИО на училишно ниво и на ниво на општина.

- По повод одбележување на 7 ми април „Светскиот ден на здравјето“ под мотото **„Живеј здраво, живеј безбедно“** се реализираше спортско рекреативен настан, заради промоција на здрави животни стилови. Учениците од основните училишта на „Кеј Македонија“ се натпреваруваа во традиционални игри, но воедно и се едуцираа за давањето на помош при сообраќајнни несреќи. Презентацијата ја вршеа волонтери од Црвениот Крст. Настанот, Општина Охрид го реализираше во соработка со Извиднички одред Пионер, Секторот за превенција при СВР Охрид и Црвен Крст Охрид.

- **Детски семафор 2017** - Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Охрид, согласно програмата за работа за 2017 година, во соработка со Локалната самоуправа – Одделението за образование и Секторот за сообраќај, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, годинава, заедно со учениците од основните училишта во Охрид ја реализира традиционалната Општинска сообраќајно-воспитна манифестација "Детски семафор". Натпреварот се состои од полагање на теоретскиот дел кој опфаќа електронско полагање сообраќајни тестови и практичен дел- вешто возење на велосипед. Целта е едукација и издигнување на сообраќајно-техничката култура кај младите – ученици од основните училишта, запознавање со сообраќајните правила и прописи и подобрување на безбедноста во сообраќајот.

- **Акција „Садница плус“** – Во рамки на заложбите за создавање на еколошки здрава животна средина, се реализираше акцијата „Садница плус“, како дел од акцијата „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“. Акцијата подразбира реализацијана активности кои се состојата во засадување на семенски материјал – семе ела, од страна на учениците од прво до деветто одделение во сите основни училишта во Општина Охрид.

- **Проект „Зелена Планета“** – Со цел едукација од најмала возраст на темите екологија и рециклирање, со поддршка на Општина Охрид, а во организација на Здружението за хумано – општествен развој „Проект Среќа“ се реализираше детската театарска претстава „Зелена Планета“. Претставата ја играа деца актери од детското драмско студио „Детски свет“ при МНТ, на текст кој е оригинален и специјално е напишан за таа намена. Децата носеа костими специјално изработени за оваа намена, од материјали кои се рециклираат.Присутните деца од основните училишта од Општина Охрид, имаа можност да поставуваат и прашања и подетално да се едуцираат за екологијата и рециклирањето.

- **Матурска парада 2017 -** И оваа 2017 година по единаесетти пат, продолжи традицијата на одржување на „Матурската парада“, во која учество зедоа матурантите од четирите средни училишта од Општина Охрид.

На 19 мај точно во 12 часот, на градскиот плоштад Св. „Климент Охридски“ матурантите повторно го танцуваа матурскиот квадрил, со своите врсници од шеесетина градови на Централна и Југоисточна Европа. На овој начин заеднички постепено, заедно со младите од година во година создаваме нова традиција во одбележувањето на матурирањето, што е во согласност со стремежите на младите за меѓусебно поврзување околу една заедничка идеја.

- **Проект „Спортот и семејните вредности 2017“** – Целта на проектот е промоција на спортот преку семејните вредности, воедно да се стимулираат родителите и децата преку спортот и спортските активности да се дружат меѓусебно, да се зајакнат врските во семејството. Во рамки на проектот во спортската сала во ОУ „Григор Прличев“ ученици од основните училишта, професорите и родителите преку ревијалени спортски натпревари имаа можност да се дружат, спортуваат и да се забавуваат со своите најмили. Носители на проектот се: Агенција за млади и спорт, Сојуз на спортски федерации на Македонија и општините во РМ.

- Заради подигнување на свеста кај најмладите за правилен раст и развој на децата преку редовно консумирање на чиста вода и значењето од внесот на вода во организмот во доволни количини, се реализираше настанот „Извор на креативноста - Изворска“. Проектот се реализираше во дел од основните училишта во Општина Охрид преку организирање на едукативни работилници кои се поддржани од компанијата „Кожувчанка“., која се појавува како општествено-одговорна компанија која поддржува едукативни настани.

- **Проект „Електричниот отпад создава можности – WEEE Creates possibilities“ – се реализира во соработка со Центарот за климатски промени -** Целта на проектот е подигнување на свеста на населението со фокус на децата од основните училишта во Охрид, за негативните влијанија на електричниот и електронски отпад (ЕЕО) врз животната средина и здравјето на луѓето, како и да ја истакне потребата од селектирање на овој отпад.

Проектот се спроведува во дел од основните училишта во Општина Охрид.

- **Проект „Подобрување на доживотното учење преку модернизација на стручното образование и обука и системите за образование на возрасни“** Целта на проектот е да придонесе за зајакнување на сеопфатен и интегриран систем за доживотно учење со фокус на стручното образование и обука и образование на возрасни, преку воспоставување на динамичка корелација меѓу образованието и промените како во општестветата сфера,така и на пазарот на труд. Посебен акцент се става на реформите на наставните планови и програми за две и тригодишно стручно образование и обука во тесна соработка со сите релевантни партнери, особено со приватниот сектор и социјалните партнери. Во реализација на овој проект се вклучени и општините, министерството за образование и наука. Партнери во спроведувањето се Британскиот Совет во соработка со ДВВ интернешнел и Центарот за доживотно учење.

- „**Проект за едукација на ученици од четврто одделение во основните училишта на теми од областа на безбедноста и здравјето“** – Преку овој проект учениците во присуство на своите наставници имаат можност да стекнат сознанија и практични совети за правилно седење во училишна клупа, правилно држење на телото при пишување и работа на компјутер, спречување на повреди предизвикани од лизгање, препнување и паѓање, како и однесување во случај на појава на пожар во училишните средини. Проектот го реализира „Пивара“ АД Скопје.

- **„Училишни игри без граници“ -** се реализира во соработка со Извиднички одред „Пионер“. Целта на проектот е преку едукација и игра учениците од основните училишта да се стекнат со одредени вештини, јакнење на организациски способности, тимска работа, развивање на натпреварувачкиот дух меѓу децата, создавање на почетни лидери, спортување, дружење и сл.

- **„Проект за развој на вештини и поддршка на иновации“** – Целта на проектот е модернизација и унапредување на системот на средно стручно образование во траење од 4 години. Проектот се состои од анализа на постојната состојба и изработка на Концепција на средно стручно образование во траење од 4 години (техничко образование), што на крај резултира со нови наставни програми. Проектот се имплементира од Министерството за образование и наука, а е финансиран од заем на Светска банка. Спроведувањето на проектот е во заедничка соработка со локалната самоуправа.

- **„Реонскиот полицаец Ве советува“ -** се реализира во соработка со СВР Охрид – Отсек за превенција, со цел обезбедување на безбедна средина за живот на децата, како и подигнување на свеста кај децата за личната одговорност и самозаштита. Проектот се реализира во основните училишта.
- **„Мојот пријател полицаец“** – Поради неинформираност на децата од предучилишна возраст за значењето на општата безбедност и значењето на полицијата, Секторот за образование при општина Охрид, градинката „Јасна Ристеска“ и МВР-Охрид превзедоа мерки и активости со планиран проект на тема: „За мојата безбедност се грижиме јас и мојот пријател полицаец“, што континуирано се имплементира во програмските активности на градинката. Реализацијата на проектот опфаќа повеќе активности:
- посети на униформирани полицајци во градинка на децата од 5-6 годишна возраст и заеднички разговори; изработка на сообраќајни знаци, крстосници и возила од отпадни и природни материјали и цртежи и реализирање на изложба од истите; посета на полициска станица, езерска полиција, полициско возило и запознавање со работата на полициските служби и нивната опрема, кој се реализира со вклучување на родителите.
- **„Детски БОНТОН“** – Целта на овој проект е едукација на деца од предучилишна возраст за значењето на убавото и пристојно однесување што ќе им овозможи полесно прифаќање во општеството и подобар живот. Тоа би допринело и за поквалитетно живеење, поголема толеранција, спречување на конфликти и меѓусебно почитување. Особено родителите и воспитувачкиот кадар во градинките треба да бидат пример од кој децата ќе учат како децата да се однесуваат. Реализацијата на проектот опфати: изработка на Прирачник „Бонтон за деца“, прикажување на видео материјал преку кој децата се едуцираа како треба да се однесуваат, влијание врз воспитниот кадар и родителите преку едукација правилно да ги воспитуваат своите деца, подготовка и реализирање на приредба посветена на убавото и пристојно однесување, едукативни средби со припадниците на секторот за превенција што ги едуцираа децата за начинот на однесување на улица и во сообраќајот, медиумска кампања.Проектот се реализира тековно во сите објекти на градинката.

Во рамки на проектот издаден и прирачникот на турски јазик, за деца припадници на турската националност.

- По повод одбележување на Денот на шегата, во соработка со ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ се организирана забавна манифестација со дефиле по градските улици под маски од омилените јунаци на децата. Оваа година по повод одбележувањето на **„Денот на децата со аутизам“**, забавата беше посветена на децата со аутизам, со цел да ги развеселиме и да ги интегрираме во активностите на градинката, што е заложба и на локалната самоуправа и на детската градинка.

***Активностите од областа на образованието и детската заштита се финансираат од: блок дотации, општински средства, сопствени приходи и од донации.***

Во изминатиот шестмесечен период од 01.01. – 30.06.2017 година финансирани се следните активности:

**- Во ОУ „Живко Чинго“ с.Велгошти** набавени се :

| | |
|---|---|
| - Тач табла | 32.000,00 |
| - Видео прожектор со држач | 25.000,00 |
| - Тример | 2.590,00 |
| - Материјали за клизна врата | 1.876,00 |
| **Вкупно** | **59.466,00 ден.** |

**- Во ОУ „Христо Узунов“:**

- Набавка и монтажа на Програматор за парен хотел - 29.795,00 ден.
- Набавка на Нагледни средства ( Географски карти, касетофони и др.) - 20.200,00 ден.

- Одржување на зграда на дотраени работи промена на ( чешми, казанчиња, брави на врати и др. ) – 8.200,00 ден.
- Набавка на Прожектор - 5.980,00 ден.

**Вкупно: 64.175,00 ден.**

**- Во ОУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани** извршено е поврзување со бакарна линија за довод на нафта за парното од цистерните во износ од 4.500,00 денари.
**- Во ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец** – извршени се градежни работи- молерисување и набавка на опрема во износ од 55.529,00 ден.
**- ЈОУДГ „Јасна Ристеска“**

| | |
|---|---|
| - Набавка на 90 дестски креветчиња | **139.865,00 ден.** |
| - Набавка на 10 компјутери | **157.500,00 ден.** |
| - Санација на ѕид во кујна и водоводна канализација | **30.000,00 ден.** |
| - Набавка на ситен инвентар од росфајт за потреба во кујните | **55.566,00 ден.** |
| - Набавка на машини за косење | **55.066,00 ден** |
| - Набавка на принтер и скенер | **7.298,00 ден.** |
| **Вкупно:** | **445.295,00 ден.** |

**ПОТРОШЕНИ ОПШТИНСКИ СРЕДСТВА ПО ПРОГРАМИ, СПОРЕД НАМЕНАТА за периодот 01.01. - 30.06.2017 год. (според книговодствената евиденција)**

***Н1-основно образование 22.114.527,00 ден***

- 14.113.788,00 ден. исплатени се за комунални услуги: електрична енергија,нафта , дрва за греење , водовод и канализација;
- 4.235.459,00 ден. исплатени се за превоз на ученици ;
- 770.677,00 ден. исплатени се за одделенски наставници ангажирани во продолжен престој ;
- 928.200,00 ден. исплатени се за трансфери при пензионирање и солидарна помош на вработени во основните училишта
- 1.792.064,00 ден. исплатени се за градежни зафати (од изминатите години)
- 210.404,00 ден. исплатени се за извршени систематски прегледи на вработените во училиштата
- 56.015,00 ден. исплатени се за тековно одржување на опремата за парно греење
- 7.920,00 ден. исплатени се по основ други образовни услуги

***Н2-средно образование***

Средните училишта имаат доволно средства од блок дотација и сопствени средства со кои се покриваат сите тековни расходи

***В1 детска заштита / 1.150.695,00 ден.***

- 1.150.695,00 ден. исплатени се за договорни услуги за лица ангажирани во градинката преку Агенција за посредување при вработување

***Од Програмата А0*** во првите шест месеци од годината ,исплатени се вкупно 1.388.500,00 ден . за стипендии на ученици и студенти .

**ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ОД БЛОК ДОТАЦИЈА ПО ПРОГРАМИ, СПОРЕД НАМЕНАТА , за периодот 01.01. - 30.06.2017 год. (според книговодствената евиденција):**

Висината на средствата кои се добиваат како блок дотација од Министерството за образование (како средства за основните и средните училишта) и од Министерството за труд и социјала (средства за детската градинка), е различен за секој квартал а варира и на месечно ниво. Од месечниот прилив на средства најпрво се исплаќаат платите и придонесите на вработените во училиштата односно градинката ( кој износ од месец во месец е различен ,во зависност од користени боледувања на вработените и ангажирани замени на нивно место) а остатокот од месечниот прилив на средства од блок дотација е наменет за покривање на други трошоци.

*1. За **основно образование**, од средствата добиени како блок дотација во првите шест месеци од годината ,исплатено е вкупно **102.799.570,00 ден**. и тоа како што следува*:

- За плати и придонеси на вработените исплатени се вкупно 99.684.823,00 ден.
- 2.590.639,00 денари се распределени за комунални услуги (греење,електрична енергија, вода, ѓубретарина, телефонски услуги);
- 259.297,00 денари се исплатени за канцелариски материјали средства за хигиена и нагледни средства;
- 145.893,00 денари се исплатени за превоз на ученици со посебни потреби
- 64.357,00 ден за дополнителни вонучилишни образовни активности
- 43.784,00 денари се исплатени за објавување огласи .
- 10.777,00 ден . за други договорни услуги

2.*За **средно образование**, од средствата добиени како блок дотација во првото полугодие од 2017 ,исплатено е вкупно **56.714.613,00 ден**. и тоа како што следува*:

- 43.872.255.,00 ден. се исплатени за основни плати и придонеси за вработените во средните училишта;
- 9.031.618,00 ден се исплатени за превоз на ученици;
- 2.884.485,00 ден. се исплатени за комунални услуги (греење, електрична енергија, вода, ѓубретарина, телефонски услуги);
- 460.012,00 ден. се исплатени за канцелариски материјали,средства за хигиена и нагледни средства;
- 124.330,00ден се исплатени за образовни услуги
- 93.500,00 ден. се исплатени за отпремнини по основ пензионирање и солидарна помош
- 58.467,00 ден. се исплатени за поправки и тековно одржување ;
- 51.673,00 ден се исплатени по основ осигурување на недвижности и права
- 26.434,00 ден . се исплатени за договорни услуги за одржана пракса во медицинските паралелки
- 36.775,00,00 ден исплатени се за други оперативни расходи (објавување огласи)
- 61.700,00 ден се исплатени за систематски прегледи на вработените во средните училишта
- 13.364,00 ден. се исплатени за копирање и печатење

3.*За **детската градинка,** од средствата добиени како блок дотација во првите шест месеци од годината ,исплатено е вкупно **17.059.629,00** ден и тоа како што следува*:

- 15.089.237,00 денари се исплатени за основни плати и придонеси за вработените
- 1.880.872,00 денари се исплатени за комунални услуги
- 89.520,00 денари се исплатени за отпремнини по основ пензионирање и солидарна помош

**Реализирани активности од областа на социјалната и здравствената заштита**

Општина Охрид нема законски надлежности во овие две области и затоа активностите се сведуваат на логистичка поддршка на сите активности кои се одвиваат на територијата на општина Охрид во рамките на овие две сфери.

Во период од 01.01. – 30.06.2017 година, се реализираа следните тековни активности од областа на социјалната заштита

1. ***Организирање на хуманитерна акција за помош на млади и други лица од социјално загрозени семејства –Донирај***. Општина Охрид во соработка со Црвен Крст успешно секоја година организира хуманитарна акција за помош на лица кои навистина имаат потреба и спаѓаат во категоријата на граѓани од социјално загрозени семејства. Оваа активност се организира тековно скоро секоја година во зависнот од потребите и приоритетите на општината.
2. ***Субвенционирање трошоци за комунални услуги.*** Субвенционирани беа трошоци на социјално ранливи групи (невработени,приматели на постојана парична помош ,користење на социјална помош и инвалидизирани лица со најмалку 70 % инвалидитет). Оваа категорија на граѓани доби намалување на сметките од Јавните претпријатија на општината, во вкупен износ од 600 денари месечно за семејство.
3. ***Проект “Се грижиме за топол дом“.*** Проектот го имплементира Центар за социјални работи во соработка со Општина Охрид. Се работи за донации на семејства (мебел, бела техника и слично) кои сакаат да донираат на други семејства од социјално ранливи групи. Општина Охрид во овој проект е вклучен во логистичка поддршка, обезбедување и финансиско покривање на превозни средство за транспорт на опремата.
4. Општина Охрид доделува ***еднократна парична помош*** на лица и семејства кои се социјално загрозени секоја година како и еднократна парична помош за секое прво и второ новородено дете, со поддршка кон заложбите на Владата на РМ во насока на зголемување на наталитетот.
5. Имплементација на програмата **Општинско – корисно работа**, Програма Општинско корисна работа со донација од УНДП и во соработка со Агенција за вработување и Министерство за труд и социјална политика. Проектот со наслов „Растеме и оствaруваме соништа за среќно детство” со основна цел инклузија на деца од предшколска возраст кои се со интелектуална попреченост , пречки во говорот и инклузија на талентирани деца во насока на пружање на соодветна стручна помош од страна на стручен тим на воспитно згрижувачките тимови кои работат во установата. Со проектот работно се ангажираа пет лица (психолог, дефектолог, професор по физичко и 2 професори по англиски јазик). Со проектот се спроведе социјално едукативен процес, задоволување на потребите на родителите и децата од предшколска возраст и работно ангажирање на долгорочно невработени лица.
6. Започнување со имплентација на проектни активности за отворање на ***Дневен центар за деца со аутизам***, со финасиска подршка од Министерство за труд и социјална политика и општина Охрид. Активностите се во тек но сеуште не е завршена постапката за започнување со работа на Дневниот центар за деца со аутизам.

7. Одобрување на проект од INTEREG IPA CBC програмата „Грција – Македонија 2014 - 2020” со наслов „Меѓугранична иницијатива за интегрција на здравствени и социјални услуги, рана превенција и независно живеење за сите”. Носител на проектот е Аристотел универзитетот од Солун во соработка и партнерство на Факултетот за информатичка технологија „Климент Охридски “ Битола, Грчка национална конфедерација за лица со попреченост, Општина Охрид, Општина Неаполис и Институт за превенција, третман и рехабилитација за кардиоваскуларни заболувања – Свети Стефан, Охрид.

**Изработиле:**

Лиле Маркоска, советник за образование
Флорентина Стерјовска, соработник за образование

Кети Росиќ, соработник за социјална заштита
Наташа Смилеска, соработник за невладини организации

**Број 08-10968/32-1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** — **Претседател**
**О х р и д** — **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СОРАБОТКА СО УНЕСКО И КУЛТУРА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. – 30.06.2017 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за работењето на Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура за периодот 01.01. – 30.06.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/33** — **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** — **Градоначалник**
**О х р и д** — **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СОРАБОТКА СО УНЕСКО И КУЛТУРА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. – 30.06.2017 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура за периодот 01.01. – 30.06.2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/33**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СОРАБОТКА СО УНЕСКО И КУЛТУРА
за период од 01.01.2017 до 30.06.2017 година

**ИЗВЕШТАЈ**
за работата на одделението за култура за период од 01.01.2017 до 30.06.2017 година

Работните активности на Одделението за култура се реализираат согласно програмските документи, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид.

Во наведениот период, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата , средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, хронолошки, беа успешно организирани и реализирани следните позначајни културни манифестации, планирани во Програмата за работата на Одделението и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи :

- Во соработка со Македонската православна црква, Детската градинка „Јасна Ристеска“, основните училишта и Здружението за грижи и воспитување на деца, а под покровителство на градоначалникот на Општина Охрид успешно, со масовно присуство на граѓани , беше реализирана верската манифестација **„ Бадникова литија“.**
- Со логистичка поддршка на Општина Охрид и општинските јавни претпријатија беа помогнати урбаните и месните заедници во организациските подготовки за продолжување на долговековната православна традиција за дочек на **Стара нова година - Василица.**
- Во организација на Општина Охрид и МЗ Куратица по 19-ти пат во с Куратица се одржа традиционалниот **Василичарски карневал.**
  По вторпат оваа година, во целосна организација на Локалната самоуправа, се реализаира најзначајната и најголемата верска манифестација во Македонија и во целоклупниот православен свет **‚Богојавление – Водици“**
- На празникот „Св. Јован“ традиционално во месноста „Сараиште“ со пригодна културно – уметничка програма се одбележа **Денот на рибарите.**
- Во соработка со НУ Центар за култура „ Григор Прличев“, Градската библиотека „Григор Прличев“ и ОУ „ Григор Прличев“ успешно беа организирани годинешнит **„ Прличеви беседи“.** Во чест на Прличев, беше организирано и реализирано дводневното чествување на охридскиот книжевен великан –Григор Прличев. Во родната куќа на ловороносецот, великиот Григор Прличев, се одржа манифестацијата„Стихови и звуци за Прличев“, на која беше промовирано адаптираното издание на Прличевата автобиографија од Славе Ѓорго Димоски и беа доделни пофалниците за

првонаградените на литературниот конкурс што традиционално го распишува Основното училиште „Григор Прличев“

- Во соработка со Историски архив – Охрид и членовите од историските секции при основните училишта одбележана е **109 годишнината од смртта на охридскиот гемиџија Марко Бошњаков.**
- Реализирана поддршка на Здружението на жени „ Бисера“ за одбележувањето на **8-ми Март – Денот на жената.**
- Со креативна работилница во ОУ Христо Узунов, а во соработка со ЗГ „Центар за климатски промени“ на 20.03.2017 г се одбележа **„Часот на планетата Земја“.**
- Во соработка со ОУ Христо Узунов и МЗ Цер во Кичево, Општина Охрид со низа активности беше одбележана **112 – годишнината од смртта на Христо Узунов.** Покрај полгањето на свежо цвеќе пред паметникот на војводата , свеченостите продолжија во местото е каде е загинат револуционерот, во селото Цер, каде на пригодната свеченост се обрати градоначалникот на Општина Охрид, д-р Никола Бакрачески.
- Со историски час и пригодна културно – уметничка програма, пред спомен – обележјето на учителот, војводата и револуционерот , беше одбележан **Јубилејот : 115 години од смртта на Методи Патче.**
- Со пригодна свеченост во селото Ливоишта беше откриена спомен – плочата посветена на Благојче Крстаноски, професионален војник, кој го загуби животот на 8 април 1999 година на караулата Блаце. Спомен обележјето го постави Организацијата на резервни офицери во Република Македонија со поддршка на Општина Охрид.
- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на Здружението на музичари и изведувачи од Охрид, во Ну Центар за култура „ Григор Прличев“ се одржа деветнаесетиот по ред детски фестивал **„ Распеано рибарче“.**
- Во организација на Општина Охрид и КУД Ѓердан во чест на големиот христијански празник Велигден на градскиот плоштад се одржа **традиционалниот Велигденски концерт.**
- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на охридската рок – група The backdoor band на 1-ви Мај се одржа првото издание на **рок фестивалот „ Truck'n roll “.**
- Во соработка со детската градинка „ Јасна Ристеска“ и основните и средните училишта, во просториите на НУ Центар за култура "Григор Прличев" се одбележа 9 Мај – Денот на победата над фашизмот и Денот на ЕУ.На свеченоста присуствуваше заменик на унгарскиот амбасадор во нашата земја, Г-дин Ѓула Шомоги.
- Во организаија на Општина Охрид и Амбасадата на Руската федерација во Република Македонија, во изложбениот салон на НУ Центар за култура „ Григор Прличев“ се одржа изложба на фотографии со мотиви од Втората светска војна. На изложбата присустваше Почесниот конзуло на Руската федерација во Република Македонија, г-дин Велимир Стојкоски како и првиот секретар на Руската амбасада во нашата земја.
- Со низа културни обележја, низ претставување на танци , народни кујни и други културни знаменитости од повеќе држави во Светот, на градскиот плоштад „ Свети Климент Охридски“, се одбележа **20 Мај – Денот на културната разноликост.** Овој културен настан го организира Факултетот

за информатички технологии „ Свети Апостол Павле“, во соработка со Општина Охрид.

- Со доделување на награди на најдобрите ученици кои постигнале значајни резултати на државни и регионални натпревари од основните и средните училишта, од страна на градоначалникот на Општина Охрид, д-р Никола Бакрачески, се одбележа **24 Мај – Денот на сесловенските просветители, Свети Кирил и Методиј.**
- Под покровителство на Општина Охрид, во просториите на големата сала, во периодот од 18 – 21 Јуни се одржа традиционалниот мегународен фестивал на млади музичари **„Охридски бисери“.**На фестивалот зедоа учество над 200 млади музичари ширум светот.

**Финансиски дел од извештајот**

За реализација на програмските содржини на Одделението за култура реализирани во периодот од 01.01 до 30.06.2017 година, од Програмата **К4** потрошени се вкупно **2.127 139 ,оо денари.**

Износ на потрошените средствата за периодот од 01.01.2016 до 30.06.2017 година:

- **867 603, оо** денари се исплатени финансиски средства за реализација предновогодишната програма и новогодишната програма за дочек на новата 2017 година.
- **50.000,оо** денари за реализација на верската манифестација „ **Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање.**
- **87.692 , оо** денари се исплатени за реализација на активностите по повод празникот Св. Василиј и тоа : 40.000, оо денари за традиционалниот Василичарски карневал во с. Куратица и 47. 692, оо денари за набавка на огревно дрво за василичарските огнови во месните заедници.
- **500.000**,оо денаи за одржување на најголемата верска манифестација **„Богојавление – Водици“**
- **25.000,оо** денари за издавање на адаптираното издание на Прличевата Автобиографија од охридскиот писател Славе Ѓорго Димоски, во рамките на манифестацијата **„ Прличеви беседи“**
- **45.000, оо** денари за снимање на филмот **„ Дедо и внук“** од охридскиот режисер Илија Пиперскоски.
- **30.000, оо** денари за одржување на фестивалот **„ Распеано рибарче“.**
- **120.000,оо** за трансфери кон здруженија на граѓани и поединци по Јавниот повик за поднесување на програми и проекти од јавен интерес на Општина Охрид за 2017 година – Прв дел
- **411 820, оо** денари за изработка на Основен проект за реконструкција на Домот за култура во с. Велгошти
- **29.278,оо** денари за техничка опрема (озвучување) за реализација на програмскитте активности на Одделението за култура.

**ИЗВЕШТАЈ**
**За работата на Одделението за меѓународна соработка и соработка со збратимени градови за период од 01.01.2017 до 30.06.2017 година**

Извештајот за работа на Секторот за меѓународна соработка, соработка со Унеско и култура е конципиран врз соработката на Општина Охрид со градови и организации со кои има заеднички интерес во областа на економијата, туризмот, културата, итн. Соработката се

остварува преку разни проекти и протоколарни посети со збратимени градови и организации со кои соработува како и други градови од взаемен интерес.

- На 17.01.2017 година јапонска делегација предводена од генералниот директор на Музејот на езерото Бива оствари средба со градоначлникот на општина Охрид, д-р Никола Бакрачески .Посетата на јапонските експерти е остварена како резултат на несебичното залагање на македонската амбасададорка во Јапонија, Андријана Цветковиќ за воспоставување на научно истражувачка соработка помеѓу Музејот од Кусатцу и Хидробиолошкиот Завод од Охрид.
- На големиот христијански празник Богојавление – Водици, на водосветот на водите на Охридското Езеро на градското пристаниште заедно со градоначалникот на Општина Охрид присуствуваше и амбасадорот на европската комисија во Република Македонија, Самоуел Жбогар.
- Со пригодна свеченост на 24.01.2017 година, беше отворен петтиот по ред почесен конзулат во Охрид. За почесен конзул на Унгарскиот конзулат беше назначен Марјан Бојаџиев. Тој ја изрази својата својата благодарност за довербата што му е дадена и истакна дека во голема мера ќе придонесе за продлабочување на веќе добрите односи и соработката што ја имаат Република Македонија и Република Унгарија. На свеченоста беа присутни, градоначалникоѕ на на Охрид, д-р Никола Бакрачески, заменик министерот за надворешни работи на Македонија Илија Исајлоски , државниот министер за културно – научна дипломатија на Република Унгарија,Иштван Иѓарто и амбасадорот, Иштван Дукс.
- Со пригодна свеченост на 21.02.2017 година во Ќуќата на Уранија беше промовирана поштенската марка што започна да се издава во Руската Федерација. Мотивот на марката е охридската црква Св Јован Канео, која што е една од најпознатите цркви во Македонија и е една од најфотографираните цркви во Европа. На маниффестацијата присуствуваше и почесниот конзул проф. д-р Велимир Стојковски. Во знак на благодарност, почесниот конзул Стојковски на градоначалникот Бакрачески му предаде примерок од руското издание на заедничката поштенска марка. Покрај македонската марка што се издава во Русија од неодамна започнала да се издава и руска марка во Македонија. Мотивот на руската марка е црквата собор на Свети Тројца во Сант Петербург што е импонзатен и препознатлив објект од културно и историско значење.
- На ден 22.02.2017 година, градоначалникот Бакрачески , оствари средба со директорот за развој на меѓународни проекти на школата од фудбалскиот клуб „ Барселона“. Инаки Гонзалво беше во придружба на министерот за странски инвестиции, Горан Мицковски . На средбата беше разговарано за можностите што ги нуди Охрид за инвестирање во спортот. Од страна на градоначалникот беше презентирана постоечката спортска инфраструктура како и за идните планови од инвестиции во спортот. Директорот за развој на меѓународни проекти на школата од фудбалскиот клуб „ Барселона “ ја искажа заинтересираноста на клубот да ги испита можностите за инвестирање во Охрид, односно за отворање на фудбалска школа, организирање на летен камп и академија. По завршувањето на средбата, директорот заедно со претставници на Локалната самоуправа и директорот на ЈП Билјанини извори, беа во обиколка на спортските терени во Охрид.
- Градоначалникот Никола Бакрачески на ден 10.03.2017 година се сретна со новоименуваната амбасадорка на НР Кина во Република Македонија Јин Лисјен . На средбата заеднички беше оценето дека двете држави имаат одлична меѓусебна соработка и дека таквите односи во иднина ќе се продлабочуваат.

- На покана на општина Есенлер од 22 до 25 Март општина Охрид, преку свои претставници и КУД Ѓердан, учествуваше на одбележувањето на Светскиот ден на водата 22 Март. На меѓународниот состанок на историски градоци на водениот пат освен Македонија – Охрид и домаќините од Турција , улествуваа и претставници од Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина , Црна Гора, Албанија и Косово и Романија. Општина Охрид имаше и свој штанд со промотивни материјали и изложба на фотографии со мотиви од Охридското езеро. Освен настапот на КУД Ѓердан, општина Охрид учествуваше и со поетско читање . На настанот освен градоначалникот, заменик градоначалникот на општина Есенлер – Истанбул, пратеници, членови на совет и други, присуствуваше и заменик премиерот на Турција, Вејси Кајнак.
- Градоначалникот Никола Бакрачески на 12.04.2017 година оствари средба со претставници на УНЕСКО, кои беа во посета на Охрид.Преставниците на УНЕСКО беа запознаени со тековните урбани активности на локалната самоуправа и со владините проекти кои се однесуваат на автопатското и железничкото поврзување на Охрид со Скопје. Градоначалникот Бакрачески и најблиските соработници ги презентираа тековните проекти кои ги спроведува локалната самоуправа . Посебно беше истакнатао значењето на владиниот проект за изградба на автопатотр кон Кичево, што ќе има позитивно влијание врз развојот на туризмот. На гостите им беше презентиран идејниот проект за за градскиот кеј и плажатаво Лагадин.На средбата градоначалникот Бакрачески ја посочи грижата за колекторскиот систем како круцијален проблем за Охрид и Охридското езеро за кој треба што побрзо да се изнајде оптимално решение за негова ревитализација и обнова, за негова целосна и интегрална заштита на Охридското Езеро.
- Градоначалникот Никола Бакрачески на ден 25.05.2017 имаше официјална средба Гордон Бродбери градоначалник на Волонгонг од Австралија, кој беше во посета на Охрид. На средбата заеднички беше отценето дека има многу неискористени можности за продлабочување на соработката меѓу двата града кои се збратимени во 1971 година. По презентацијата на Охрид, неговото културно – историско богатство и можностите за развој сособено во областа на туризмот градоачалникот Бакрачески го запозна гостинот со функционирањето на локалната самоуправа и реализирањето на проектите.
- Градоначалникот на Охрид, Никола Бакрачески со рамките на соработката на градовите кои се дел од проектите кои се реализираат во „ Мрежата на европски езера“ на 27.05. 2017 година, учествуваше во презентирањето на двете нови програми кои ќе се реализираат во рамки на оваа меѓународна соработка, чиј дел е и општина Охрид. На работната средба во оваа собраниска сала на Општина Исеи Италија, презентирани беа уште две европски програми во областа на културата и туризмот во кои ќе партиципира Општина ОХРИД : PALCO I ROMANTIC ROOTS.
- Австралиската амбасадорка во Белград, ополномоштена за Република Македонија, Џулија Фини, денес беше во работна посета на Општина Охрид. Таа оствари средба со градоначалникот Бакрачески, пр што беше запознаена со актиелностите и активностите на локалната самоуправа. Градоначалникот Бакрачески и амбасадорката Фини го посетија дбевниот центар Зраци , каде неодамна се реализира проектот „Охрид без бариери“ со донација од ДАП ( Direct aid program) на австралиската амбасада во висина од 5926 австралиски долари.

Изготвил :
Весна Јованоска

**Број 08-10968/33-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ 2017 - 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма други комунални услуги 2017 - 2019 година за периодот од 01.04. до 30.06.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/34**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ 2017 - 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма други комунални услуги 2017 - 2019 година за периодот од 01.01. до 30.06.2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/34**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

## ИЗВЕШТАЈ ОД 01.01.2017 ДО 30.06.2017
## Развојна програма други комунални услуги за 2017-2019 година

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

1. **РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

| Ред. Бр. | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2017 31.03.2017 | Извршено 01.04.2017 30.06.2017 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Река „Даљан“** - чистење на река „Даљан“ од вливот во Охридско Езеро, и попречните канали према Охрид | 500,000 | | | |
| 2 | **Река „Коселска“**- чистење на речното корито од КО Косел возводно до КО Орман и ги опфаќа од површините во КО Горно и Долно Лакочереј | 500,000 | | | |
| 3 | **Река „Вапилица“**-Чистење и регулирање на речното корито во КО Вапила на м.в. Топли дол и тоа на потегот од асфалтната база на АД „Маврово“ до КО Вапила и над асфалтната база. | 500,000 | | | |
| 4 | **Летничка река** - Чистење на речното корито на Летничка Река и тоа од самиот почеток КО Велгошти-низ н.15/ти Корпус до вливот во Охридско езеро | 500,000 | | | |
| 5 | **Порој „Рача“** - чистење на речното корито | 500,000 | | | |
| 6 | **Скребатска река** – чистење и регулација на речното корито од КО Лескоец со посебен преглед и зафаќање на просторот под фабриката ЕМО заради заштита на земјоделски површини од Косел и Лакочереј | 500,000 | | | |
| 7 | **Река „Черова“** -чистење и регулација на река Черова во КО Љубаништа | 500,000 | | | |
| 8 | **Чистење на канали и диви депонии** | 1,500,000 | 115,091 | | |
| 9 | **Река „ Сушица“** –чистење на каналот | 300,000 | | | |
| 10 | **Чистење на корито на река Српница** | 300,000 | | | |
| 11 | **Новогодишно украсување**. | 3,000,000 | 1,416,000 | | |
| 12 | **Изнајмување на мобилни тоалети** | 300,000 | | | |
| 13 | **Чистење на свлечишта и одрони** | 1,000,000 | | | |
| 14 | **Дезинфекција,дезинсекција и дератизација** | 2,000,000 | | | |
| | **ВКУПНО** | **11,900,000** | **1,531,091** | | |

| Динамички план со активности за 2017 година, за вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација на јавните површини на територија на Општина Охрид | |
|---|---|
| Планирана активност | Месец на извршување |
| авиозапрашување против комарци<br>( 1.500 ha – крајбрежието на потег од с. Подмоље до нас. Св. Наум и територијата на град Охрид )<br><br>I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br>II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција) | мај/јуни ( во зависност од временските прилики)<br><br>јули |

| | |
|---|---|
| теренско запрашување на крајбрежие на потег од с.Подмоље до нас. Св.Стефан, поширока територија на град Охрид, потег на река Грашница, Коселска Река, крајбрежие од автокамп Љубаништа до комплекс на Св. Наум<br>I –во запрашување ( ларвицидна дезинсекција)<br>II –ро запрашување ( адултицидна дезинсекција)<br>III –то запрашување ( адултицидна дезинсекција) | април/мај ( во зависност од временските прилики)<br><br>јуни<br>јули/август |
| дератизација на канализациски систем<br>( околу 3.000 шахти на територија на општина Охрид )<br>I –во третирање<br>II –ро третирање | мај<br>октомври |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Извор на финансирање на програмата е: **Буџет на Општина Охрид за програма други комунални услуги 2017-2019** | **11,900,000** | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Од Буџетот на Општина Охрид за тековната 2019 година ќе се издвојат сретства ВКУПНО** | **3,900,000** | | | |
| | **Од Буџетот на Општина Охрид за тековната 2018 година ќе се издвојат сретства ВКУПНО** | **4,000,000** | | | |
| | **Од Буџетот на Општина Охрид за тековната 2017 година ќе се издвојат сретства ВКУПНО** | **4,000,000** | **1,531,091** | | **38.28** |

**Од вкупно предвидените средства 4.000.000, 00 денари, за реализација на Програмата Ј8 Други комунални услуги потрошени се вкупно 2.129.792.00 денари.**

**Од вкупно потрошените средства 1,531.091,00 денари се потрошени за реализирани активности.**

**Останатиот дел се средства согласно книговодствената евиденција - износот од 598.701,00 денари се долгови од претходните години.**

**Во периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017 година -процентот на реализација на оваа Програма Ј8 Други комунални услуги , изнесува 53, 24%**

| Предвидени средства Програма Ј8 Други комунални услуги 2017 | Вкупно потрошени средства 01.01.2017-31.03.2017 | Вкупно потрошени средства 01.04.2017-30.06.2017 | Процент % |
|---|---|---|---|
| **4.000.000.00** | **2.129.792, 00** | | **53, 24** |

**Број 08-10968/34-1**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ 2017 - 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2017 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2017 - 2019 година за периодот од 01.01. до 30.06.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/35**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ 2017 - 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2017 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2017 - 2019 година за периодот од 01.01. до 30.06.2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/35**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ОД 01.01.2017 ДО 30.06.2017**
**Развојна програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за период 2017-2019 година**

**Програмата за изведба и реконструкција на локални патишта и улици е развојна програма и се однесува за периодот од 2017до 2019 година. Оваа програма е од битно значење за жителите на Општина Охрид бидејќи преку оваа програма ќе се финансираат значајни поголеми проекти при што ќе се градат нови патишта и улици а исто така ќе се врши реконструкција на постојна мрежа од локални патишта и улици.**

**Со Извори на финансирање на програмата се:**

- **Буџет на Општина Охрид**
- **Агенција за државни патишта**
- **Агенција за рурален развој**
- **Министерство за финансии**

**Реализација на програмата од Буџет на Општина Охрид**

**1.АСФАЛТИРАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА**

| Ред. Бр. | Опис | Предвидени средства | Извршено 01.01.2017 31.03.2017 | Извршено 01.04.2017 30.06.2017 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на проектна и техничка документација | 2,500,000 | 628,758 | | 25.15 |
| 2 | Стручна ревизија на проекти | 600,000 | | | |
| 3 | Изработка на елаборати за животна средина на проекти | 500,000 | | | |
| 4 | Вршење на стручен надзор на изградба на објекти | 1,500,000 | 43,089 | | 2.87 |
| 5 | Асфалтирање и одржавање на улици во село Орман | 700,000 | | | |
| 6 | Асфалтирање и одржавање на улици во село Свиништа | 400,000 | | | |
| 7 | Асфалтирање и одржавање на улици во село Опеница | 400,000 | | | |
| 8 | Асфалтирање и одржавање на улици во село Куратица | 300,000 | | | |
| 9 | Асфалтирање и одржавање на улици во село Рача | 700,000 | | | |
| 10 | Одржавање на улици во село Трпејца | 500,000 | | | |
| 11 | Одржавање на улици во село Љубаништа | 500,000 | | | |
| 12 | Одржавање на улици во село Елшани | 1,000,000 | | | |
| 13 | Одржавање на улици во населба Елешец | 500,000 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Изградба и одржавање на улици во село Подмоље | 1,500,000 | 666,940 | | **44.46** |
| 15 | Одржавање на улици во село Ливоишта | 300,000 | | | |
| 16 | Асфалтирање и одржавање на улици во нас. Св.Стефан“ | 1,200,000 | | | |
| **Ред. Бр.** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2017 31.03.2017** | **Извршено 01.04.2017 30.06.2017** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Од Буџетот на Општина Охрид за тековната 2019 година ќе се издвојат сретства ВКУПНО** | **3,400,000** | | | |
| | **Од Буџетот на Општина Охрид за тековната 2018 година ќе се издвојат сретства ВКУПНО** | **3,500,000** | | | |
| | **Од Буџетот на Општина Охрид за тековната 2017 година ќе се издвојат сретства ВКУПНО** | **3,500,000** | **144,154** | **1,340,769** | **42.43** |

**Од вкупно предвидените средства 3.500.000 денари, за реализација на Програмата ЈФ Изградба на сообраќајна сигнализација потрошени се вкупно 1.355.147,00 денари.**

**Реализирани се активности во вредност од 129.776,00 за кои финансиската документација е во подготовка и истата ќе биде дадена за исплаќање во наредниот период.**

**Во периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017 година -процентот на реализација на оваа Програма ЈФ Изградба на сообраќајна сигнализација,изнесува 38,72%**

| **Предвидени срества Програма ЈФ Изградба на собраќајна сигнализација патишта и улици 2017** | **Вкупно потрошени срества 01.01.2017-31.03.2017** | **Вкупно потрошени срества 01.04.2017-30.06.2017** | **Процент %** |
|---|---|---|---|
| **3,500,000.00** | **357,791** | **997,356** | **38.72** |

**Број 08-10968/40-1**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2017 - 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2017 - 2019 година за периодот од 01.01. до 30.06.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/41**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2017 - 2019 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за уредување на градежно земјиште за 2017 - 2019 година за периодот од 01.01. до 30.06.2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/41**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

## ИЗВЕШТАЈ ОД 01.01.2017 ДО 30.06.2017
## Развојна програма за уредување на градежно земјиште за 2017-2019година

Програмата за уредување на градежно земјиште за 2017-2019 година, изработена од Секторот за комунален развој, сообраќај и улици, ги одредува насоките за решавање на комуналните проблеми со кои се соочуваат нашите граѓани, притоа обезбедувајќи основни услови за развој на општината и зголемување на квалитетот на живеење на нашите граѓани.

Програмата го продолжува континуираниот развој на општина Охрид и зголемените инвестициони активности на општината во изминатиот период.

Изработена е врз основа на анализите направени за можната реализација на урбанистичките планови во народниот период, писмените забелешки на граѓаните, разговорите со дел од жителите на општината, редовните контакти на Градоначалникот и стручните служби, со одборите на МЗ, програмите на УЗ кои се доставуваат до општинските служби, како и согледувањата на стручните служби.

Согледувајќи го погоре изнесеното, направен е предмер пресметка за висината на инвестициите, врз основа на цените и вредноста на реализираните проекти во минатите години.

Имајќи ја предвид реалната ситуација и проблемите со кои се соочува општина Охрид на финансиски план, сепак се надеваме дека оваа програма ќе биде реализирана во целост, а со тоа ќе одговориме во најголем дел на потребата на граѓаните.

Со оваа програма посебно се опфатени следните сегменти, и тоа:

-изработка на урбанистички планови;

-подготвување и расчистување на земјиштето со посебен акцент на решавање на имотно-правните односи;

-изработка на водоводна, канализациона и мрежа за одводни води;

-асфалтирање, тампонирање, поставување на улични рабници и поплочување на тротоари;

На дел од улиците ќе се врши делумна санација на истите, на дел тампонирање, на дел целосна санација и тоа по однос на целосната инфраструктура.

За целосна реализација на ова програма, потребно е да се реши финансирањето на истата, па за таа цел ги предлагаме следните извори на финансирање.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

А) Надомест за уредување на градежно земјиште

Б) Изворни приходи на општината

В) Сретства од Министерство за транспорт и врски

Г) Сресва од Министерство за финансии

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

Во овој дел се опфатени средствата потребни за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти.

**ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

Во овој дел се регулира решавањето на имотно-правните односи и исплаќањето надоместок за експропријација на земјиште.

Со овие средства се предвидува да се решат дел од имотно-правните односи и експропријација на земјиште за предмети кои се доставени од граѓани.

**Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е утврдено согласно Одлуката донесена од страна на Советот на Општина Охрид објавена во Службен гласник на Општина Охрид на ден 05.02.1999 година, каде се утврдени зоните и цените по метар квадратен за секоја зона.

| Ред. Бр. | Опис | Извршено 01.01.2017 31.03.2017 | Извршено 01.04.2017 30.06.2017 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Изработени Заклучоци за пресметување на надоместок за | 163 | 59 | 7,060,356 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | утврдување на правен статус на бесправен објект-легализација | | | 2,318,812 |
| 2 | Изработени предмети и договри на надоместок за уредување на градежно земјиште | 20 | 8 | 11,214,810 |
| | | | | 21,939,052 |
| 3 | Поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас (прекопи и прекумерно користење на патишта) | 4 | | 39,075 |
| | | | 17 | 215,132 |
| | | 7 | | 19,800 |
| | | | 2 | 1,800 |
| | **Вкупно** | | | **42,808,837** |

**Отварање на пристапни патишта**

| **Ред. Бр.** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2017 31.03.2017** | **Извршено 01.04.2017 30.06.2017** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Отварање на пристапни патишта | **10,000,000** | 391,500 | | **3.92** |
| 2 | Плаќане на стари обврски | **15,000,000** | 4,473,595 | 2,037,594 | **29.82** |
| | **ВКУПНО** | **25,000,000** | **4,865,095** | **2,037,594** | |

**1.АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПРИСТАПНИ ПАТИШТА**

| **Ред. Бр.** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2017 31.03.2017** | **Извршено 01.04.2017 30.06.2017** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на проектна и техничка документација | 2,500,000 | | 45,637 | **1.83** |
| 2 | Стручна ревизија на проекти | 1,000,000 | | | |
| 3 | Изработка на елаборати за животна средина за проекти | 500,000 | | | |
| 4 | Вршење на стручен надзор на изградба, реконструкција и одржавање на објекти | 1,500,000 | | 130,595 | **8.71** |
| 5 | Асфалтирање на пристапни патишта во УЗ„Влашкамала“ | 800,000 | | 528,837 | **66.10** |
| 6 | Асфалтирање на пристапни патишта во УЗ„Илинден“ | 1,000,000 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Асфалтирање на пристапни патишта во УЗ„Видовишта“ | 1,000,000 | | | |
| 8 | Асфалтирање на пристапни патишта во УЗ„Дејан Војвода“ | 500,000 | | | |
| 9 | Реконструкција на пристапен пат за ОУ “Св.Климент Охридски“ | 1,000,000 | | | |
| 10 | Реконструкција на крак ул. „Кирил и Методи“ горна порта-дрвара | 1,000,000 | 504,545 | | **50.45** |
| 11 | Реконструкција на краци во УЗ„Радојца Новичич“ | 1,000,000 | | | |
| 12 | Асфалтирање на пристапни патишта на ул. “Сирма Војвода“ | 1,300,000 | | 1,057,06 8 | **81.31** |
| 13 | Реконструкција на дел од улица „Васил Стефоски“ | 1,500,000 | | | |
| 14 | Реконструкција на краци од ул.„Абас Емин“ | 1,000,000 | | | |
| 15 | Асфалтирање и одржавање на пристапни патишта на ул.„ Дебарца“ | 600,000 | | | |
| 16 | Реконструкција на краци од ул.„Момчило Јорданоски“ | 1,000,000 | | | |
| 17 | Реконструкција на улици во УЗ „Гоце Делчев“ | 1,000,000 | | | |
| 18 | Асфалтирање на пристапни патишта во УЗ„Железничка“ | 500,000 | | | |
| 19 | Асфалтирање на пристапни патишта УЗ„15ти-Корпус “ | 1,500,000 | | | |
| 20 | Реконструкција на тротоари на бул.„Туристичка“ | 3,000,000 | | | |
| 21 | Асфалтирање на тротоари на бул.„Туристичка“од рас.со ул.„Стив Наумов’’ до рас.со ул.„Распаке“од двете страни. | 10,000,000 | | | |
| 22 | Асфалтирање и одржавање на тротоари на бул.„Туристичка“од рас.со ул.„Јане Сандански ’’ до рас.со ул.„Јордан Мијалков“ | 5,000,000 | | | |
| 23 | Асфалтирање на пристапни патишта во населба„Охридати“ | 500,000 | | | |
| 24 | Асфалтирање на пристапни патишта во УЗ „Центар’ | 1,000,000 | | | |
| 25 | Асфалтирање на пристапни патишта н.Бејбунар | 500,000 | | | |
| 26 | Реконструкција на краци на ул.„7ми Ноември“ | 500,000 | 175,294 | | **35.06** |
| 27 | Уредување и одржавање на постојни кружни раскрсници | 1,000,000 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 28 | Изградба и уредување на паркинг места | 1,000,000 | | | |
| 29 | Уредување и оджавање на други раскрсници | 1,000,000 | | | |
| 30 | Користење на градежни машини и друга опрема | 1,500,000 | | 105,484 | **7.03** |
| 31 | Санација и крпење на ударни дупки, прекопи и тесни улици | 10,000,000 | | 54,655 | **0.55** |
| 32 | Реконструкција и одржавање на други непредвидени улици | 5,500,000 | | | |
| 33 | Патрерно уредување со поплочување на просторот помеѓу ул.„Коста Абраш“ и ул.„Цар Самоил“ | 1,500,000 | | | |
| 34 | Уредување на пристап во ЈЗУ Специјална болница „Св.Еразмо„ | 3,000,000 | | | |
| | **ВКУПНО** | **65,200,000** | **679,839** | **1,922,276** | |

## 2. ПОПЛОЧУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ

| **Ред. Бр.** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2017 31.03.2017** | **Извршено 01.04.2017 30.06.2017** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поплочување и одржавање на улици во УЗ Стар Град | 5,000,000 | | | |
| 2 | Уредување на тротоари во УЗ Центар | 1,000,000 | | | |
| 3 | Поплочување пешачка патека во УЗ Кошишта | 1,000,000 | | | |
| 4 | Поплочување пешачка патека во УЗ Воска | 1,000,000 | | | |
| 5 | Поплочување на тротоари во нас. Далјан | 1,000,000 | | | |
| 6 | Поплочување на крак од ул.Сирма Војвода | 500,000 | | | |
| 7 | Поплочување на тротоари во нас. Христо Узунов | 1,000,000 | | | |
| 8 | Поплочување на крак од ул.„7ми Ноември“ | 500,000 | | | |
| 9 | Уредување на тротоарот на ул.Гоце Делчев | 2,000,000 | | | |
| 10 | Уредување на тротоари во УЗ Влашкамала | 1,000,000 | | | |
| 11 | Уредување на тротоари во УЗ Гоце Делчев | 1,000,000 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Уредување на тротоари УЗ 15-ти Корпус | 1,500,000 | | | |
| 13 | Уредување на тротоари на Бул. Туристичка | 1,000,000 | | | |
| 14 | Поплочување на Бул Тур. на тротоарот наспроти Халк Банка | 500,000 | | | |
| 15 | Изградба и одржавање на тротоар на ул. Абас Емин | 1,000,000 | | 374,376 | **37.44** |
| 16 | Доизградба на тротоари по должина на улицата Даме Груев | 1,000,000 | | | |
| 17 | Доизградба на тротоари по должина на улицата 8-ми Март | 500,000 | | | |
| 18 | Доизградба на тротоари по должина на улицата 8-ми Септември | 500,000 | | 450,000 | **90.00** |
| 19 | Тампонирање на потег -влез во згради кај Пожарна | 100,000 | | | |
| 20 | Тампонирање на улици во нас.Болнички Комплекс | 200,000 | | | |
| 21 | Тампонирање на улици и пристапни патишта | 2,000,000 | | | |
| 22 | Поплочување и одржавање на други улици | 2,000,000 | 181,390 | 314,852 | **24.81** |
| | **ВКУПНО** | **25,300,000** | **181,390** | **1,139,228** | |

**3. ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ НА УРБАНА И ДРУГА ОПРЕМА**

| **Ред. Бр.** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2017 31.03.2017** | **Извршено 01.04.2017 30.06.2017** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Поправка и одржување на урбана опрема | 2,000,000 | 49,459 | | **2.47** |
| 2 | Изградба и опремување на автобуски постојки | 4,000,000 | 877,920 | | **21.95** |
| 3 | Набавка и монтажа и одржавање на клупи | 500,000 | 94,695 | | **18.94** |
| 4 | Набавка и монтажа на кошнички за отпадоци | 500,000 | | | |
| 5 | Набавка и поставување на жардињери за цвеќе | 300,000 | | | |
| 6 | Набавка и поставување на пепелници | 200,000 | | | |
| 7 | Поставување на рампи и ступчиња | 6,500,000 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Полначи за електрични автомобили | 4,000,000 | | | |
| 9 | Рушење на објекти | 500,000 | | | |
| | **ВКУПНО** | **18,500,000** | **1,022,074** | | |

**4. ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ**

| **Ред. Бр.** | **Опис** | **Предвидени средства** | **Извршено 01.01.2017 31.03.2017** | **Извршено 01.04.2017 30.06.2017** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Партерно уредување на коритото на река Грашница од Б.Тур. до Железничка | 3,000,000 | | | |
| 2 | Партерно уредување на коритото на река Грашница кај сливот во Охридско езеро | 2,000,000 | | | |
| 3 | Партерно уредување на голем плоштад | 800,000 | | | |
| 4 | Изградба на мал плоштад Горна Порта | 800,000 | | | |
| 5 | Реконструкција на дрворед на ул.„Јане Сандански'' | 600,000 | | | |
| 6 | Реконструкција на дрворед на ул.„Македонски Просветители'' | 1,000,000 | | | |
| 7 | Реконструкција на дрворед на ул.„Кузман Капидан'' | 500,000 | | | |
| 8 | Уредување и оджавање на парковски површини | 1,000,000 | | | |
| 9 | Изградба на пешачка патека Охрид-Парк-Св,Стефан, Охрид-хотел Парк | 6,000,000 | | 2,974,135 | **49.57** |
| 10 | Реконструкција на шеталиште-Кеј Македонија, (крајбрежен појас-дел) | 84,000,000 | | | |
| 11 | Реконструкција на шеталиште-потег Билјанини извори-мост Студенчиша(покрај каналот-дел) | 21,400,000 | | 9,497,226 | **44.38** |
| 12 | Изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување и пумпни станици | 2,000,000 | | 660,939 | **33.05** |
| 13 | Санација и изградба на ѕидови во УЗ Стар Град | 5,000,000 | | 10,688 | **0.21** |
| 14 | Изградба на потпорен ѕид во н.Св.Стефан | 500,000 | | | |
| 15 | Изградба на потпорен ѕид во с.Косел | 500,000 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Изградба на потпорен ѕид во с.Пештани | 500,000 | | | |
| 17 | Изградба на потпорен ѕид во нас. Рача | 500,000 | | | |
| 18 | Изградба на потпорен ѕид во с.Завој | 500,000 | | | |
| 19 | Санација и изградба на потпорни ѕидови во с.Велгошти | 500,000 | 318,435 | | **63.69** |
| 20 | Санација на потпорен ѕид во с.Велестово | 500,000 | | | |
| 21 | Санација на потпорен ѕид во УЗ Кошишта | 500,000 | | | |
| 22 | Санација и изградба на други ѕидови | 5,000,000 | | | |
| | **ВКУПНО** | **137,100,000** | **318,435** | **13,142,988** | |

## 5. ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА

| **Ред. Бр.** | **Опис** | **Предвиден и средства** | **Извршено 01.01.2017 31.03.2017** | **Извршено 01.04.2017 30.06.2017** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Изградба и реконструкција на детско игралиште с.Лескоец | 500,000 | | | |
| 2 | Изградба и реконструкција на детско игралиште УЗ Кошишта | 500,000 | | | |
| 3 | Изградба и реконструкција на детско игралиште УЗ Воска | 500,000 | | | |
| 4 | Изградба и реконструкција на детско игралиште с.Косел | 500,000 | | | |
| 5 | Реконструкција на детско игралиште УЗ Видовишта | 500,000 | 232,851 | | **46.57** |
| 6 | Изградба и реконструкција на детско игралиште с.Велгошти | 500,000 | | | |
| 7 | Изградба и реконструкција на детско игралиште с.Лакочереј | 500,000 | | | |
| 8 | Изградба и реконструкција на детско игралиште во УЗ Гоце Делчев | 500,000 | | | |
| 9 | Изградба и реконструкција на детско игралиште во рамките на училиштето Братство | 500,000 | | | |
| 10 | Израдба и реконструкција на детско игралиште ул.Ванчо Питошески | 500,000 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Изградба и реконструкција на детско игралиште во рамките на училиштето во с.Елшани | 500,000 | | | |
| 12 | Изградба и реконструкција на детско игралиште н.Св.Стефан | 500,000 | | | |
| 13 | Изградба на детско игралиште во паркот на Кеј Македонија | 1,000,000 | | | |
| 14 | Изградба на детско игралиште и мал плоштад кај чешмата на ул.Крали Марко“ | 500,000 | 125,747 | | **25.15** |
| 15 | Изградба и реконструкција на детско игралиште н.Рача | 500,000 | 165,416 | | **33.08** |
| 16 | Изградба и реконструкција на детско игралиште шеталиште Канал-Парк | 1,000,000 | | 583,992 | **58.40** |
| 17 | Изградба и реконструкција на детско игралиште УЗ Далјан | 1,000,000 | 430,996 | 76,260 | **50.73** |
| 18 | Уредување и одржавање на детски игралишта | 5,000,000 | | | |
| | **ВКУПНО** | **15,000,000** | **955,010** | **660,252** | |

**6.** **Програмски активности:Реализација на проекти преку кредит од Министерство за финансии од Светска банка**

| **Ред. Бр.** | **Опис** | **Предвиден и средства** | **Извршено 01.01.2017 31.03.2017** | **Извршено 01.04.2017 30.06.2017** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| | Набавка на возила | 27,617,686 | | | |
| | **ВКУПНО** | **27,617,686** | | | |

| Ред. Бр. | **Опис** | **Предвиден и средства** | **Извршено 01.01.2017 31.03.2017** | **Извршено 01.04.2017 30.06.2017** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Извор на финансирање на програмата е: Буџет на Општина Охрид за период 2017-2019 година** | **286,100,000** | | | |

| Ред. | **Опис** | **Предвиден и средства** | **Извршено** | **Извршено** | **Процент %** |
|---|---|---|---|---|---|

| Бр. | | | 01.01.2017<br>31.03.2017 | 01.04.2017<br>30.06.2017 | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Од Буџетот на Општина Охрид за тековната 2019 година за развојна програма за уредување на градежно земјиште ќе се издвојат сретства во висина** | **95,200,000** | | | |
| | **Од Буџетот на Општина Охрид за тековната 2018 година за развојна програма за уредување на градежно земјиште ќе се издвојат сретства во висина** | **98,000,000** | | | |
| | **Од Буџетот на Општина Охрид за тековната 2017 година за развојна програма за уредување на градежно земјиште ќе се издвојат сретства во висина** | **92,900,000** | **7,703,408** | **18,902,338** | **28.64** |

**Од вкупно предвидените средства 92.900.000, 00 денари, за реализација на Програмата ФА Уредување на градежно земјиште потрошени се вкупно 37.613.312,00 денари.**
**Од вкупно потрошените средства 26.605.746,00 денари се потрошени за реализирани активности.**
**Останатиот дел се средства согласно книговодствената евиденција - износот од 11.007.566.00 денари се долгови од претходните години.**
**Во периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017 година -процентот на реализација на оваа Програма ФА Уредување на градежно земјиште , изнесува 40,49%**

| Предвидени средтва Програма ФА Уредување на градежно земјиште 2017 | Вкупно потрошени срества 01.01.2017-31.03.2017 | Вкупно потрошени срества 01.04.2017-30.06.2017 | Процент % |
|---|---|---|---|
| **92,900,000.00** | **20,121,884** | **17,491,428** | **40.49** |

**Број 08-10968/41-1**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. – 30.06.2017 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2017 година за периодот 01.01. – 30.06.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/42** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. – 30.06.2017 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2017 година за периодот 01.01. – 30.06.2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/42** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

## И З В Е Ш Т А Ј
### ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 01.01. - 30.06.2017 ГОДИНА

Советот на општина Охрид на ден 23.12.2016 година донесе Програма за работа на Советот за 2017 година. Во Програмата за работа активностите на Советот за 2017 година се планирани во четири тромесечија и тоа:

**ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ** (Јануари, Февруари, Март),
**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ** (Април, Мај, Јуни),
**ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ** (Јули, Август, Септември) и
**ЧЕТВРТО ТРОМЕСЕЧИЕ** (Октомври, Ноември, Декември).

**ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Шеесет и седмата седница се одржа на ден 25.01.2017 година. За работа на оваа седница беа предложени 60 точки на дневен ред. Советот усвои 57 (педесет и седум) Одлуки.**

Комисија за заштита на животна средина – На дневен ред предложени беа 52 (педесет и две) точки и сите беа усвоени.

Комисија за јавни и комунални дејности – На дневен ред предложени беа 3 (три) точки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

Комисија за урбанизам - На дневен ред предложени беа 52 (педесет и две) точки. Бидејќи немаше кворум, седницата на Комисијата за урбанизам не се одржа.

Комисија за финансии и буџет – На дневен ред предложени беа 3 (три) точки. Членовите на Комисијата усвоија 2 Предлог Одлуки, а за една Предлог Одлука не заседоа став.

Комисија за верификација, избори и именување - На дневен ред предложени беа 5 (пет) точки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Шеесет и осмата седница се одржа на ден 28.02.2017 година и за истата седница беа предложени 48 точка на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со уште една точка. Советот усвои вкупно 48 (четириесет и осум ) Одлуки, а 1 (една) Информација не беше усвоена.**

Комисија за заштита на животна средина – На дневен ред предложени беа 44 (четириесет и четири) точки. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата за заштита на животна средина не се одржа.

Комисија за јавни и комунални дејности – На дневен ред предложени беа 2 (две) точки. Членовите на Комисијата усвоија 1(една) Предлог Одлука, а за една Предлог Одлука не заседоа став бидејќи немаше претставник за материјалот.

Комисија за урбанизам – На дневен ред предложени беа 44 (четириесет и четири) точки. Бидејќи немаше кворум, седницата на Комисијата за урбанизам не се одржа.

Комисија за финансии и буџет - На дневен ред предложени беа 3 (три) точки. Членовите на Комисијата усвоија 2 Предлог Одлуки, а за една Предлог Одлука не заседоа став.

Комисија за туризам и локален економски развој – На дневен ред беше предложена една точка и истата беше усвоена.

**Шеесет и деветата седница се одржа на ден 14.03.2017 година. За работата на оваа седница беа предложени 54 (педесет и четири) точка на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 1 (една) Предлог Одлука. Советот усвои 55 (педесет и пет) Одлуки**.

Комисија за млади и спорт – На дневен ред беа предложени 4 (четири) точки, кои не беа усвоени.

Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените – На дневен ред беа предложени 2 (две) точки, но бидејќи немаше кворум седница на Комисијата не се одржа.

Комисија за заштита на животна средина – На дневен ред беа предложени 10 (десет) точки, беа усвоени 3 Предлог Одлуки.

Комисија за јавни и комунални дејности – На дневен ред беа предложени 22 (дваесет и две) точки. Членовите на Комисијата усвоија 4 Предлог Одлуки.

Комисија за туризам и локален економски развој - На дневен ред беа предложени 2 (две) точки, кои беа усвоени.

Комисија за општествени дејности – На дневен ред беа предложени 21 (дваесет и една) точка. Членовите на Комисијата усвоија 17 Предлог Одлуки.

Комисија за урбанизам - На дневен ред беа предложени 4 (четири) точки. Членовите на Комисијата усвоија една Предлог Одлука.

Комисија за финансии и буџет – На дневен ред беа предложени 44 (четириесет и четири) точки. Членовите на Комисијата усвоија 41 Предлог Одлука, а 3 Предлог Одлуки не се разгледуваа бидејќи немаше претставници за материјалите.

**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ**

**Седумдесеттата седница се одржа на ден 27.04.2017 година. За работата на оваа седница беа предложени 54 (педесет и четири) точка на дневен ред и тоа: 53 Предлог Одлуки и 1 Предлог Заклучок. Дневниот ред беше дополнет со 4 (четири) Предлог Одлуки. Советот усвои 57 (педесет и седум) Одлуки и 1 Заклучок.**

**Комисија за заштита на животна средина** – На дневен ред беа предложени 46 точки, а потоа беше дополнет со 4 точки. Членовите на Комисијата усвоија 46 точки, а 4 точки не беа усвоени.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – На дневен ред беа предложени 3 точки и истите беа усвоени.

**Комисија за млади и спорт –** На дневен ред беа предложени 4 точки. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – На дневен ред беа предложени 46 точки, а потоа беше дополнет со 4 точки. Членовите на Комисијата усвоија усвоија 50 точки.

**Комисија за финансии и буџет** – На дневен ред беа предложени 6 точки. Членовите на Комисијата за финансии усвоија 4 Предлог Одлуки, а за две не расправаа.

**Седумдесет и првата седница се одржа на 19.06.2017 година. За работата на оваа седница беа предложени 37 (триесет и седум) Предлог Одлуки. Дневниот ред беше дополнет со 2 Предлог Одлуки. Советот усвои 37 Одлуки, а 2(две) Предлог Одлуки не беа усвоени.**

**Комисија за заштита на животна средина** – На дневен ред беа предложени 16 точки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – На дневен ред беа предложени 13 точки. Членовите на Комисијата усвоија 12 (дванаесет) Предлог Одлука, а за една не расправаа бидејќи немаше претставник.

**Комисија за млади и спорт** – На дневен ред беа предложени 4 точки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за урбанизам** – На дневен ред беа предложени 46 точки. Бидејќи немаше кворум, не се одржа седница на Комисијата.

**Комисија за финансии и буџет** – На дневен ред беа предложени 25 точки. Членовите на Комисијата усвоија 20 Предлог Одлуки, а за 5 Предлог Одлуки немаше расправа бидејќи немаше претставник.

**Комисија за верификација, избори и именување -** Бидејќи немаше кворум, не се одржа седница на Комисијата.

**Комисија за општествени дејности -** Со оглед на тоа што немаше кворум, седница на Комисијата за општествени дејности не се одржа.

**Комисија за туризам и ЛЕР -** Бидејќи немаше кворум, не се одржа седница на Комисијата.

**Советот на општина Охрид во периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017 година одржа 5 редовни седници. За работа на сите седници беа предложени вкупно 253 точки. Дополнување на дневниот ред е извршено со вкупно 8 точки на 4 седници.**

**Советот во овој период усвои вкупно 254 (двесте педесет и четири) Одлуки 3 (три) Решенија и 1 (еден) Заклучок.**

**Советот не усвои една Информација и 2 (две) Предлог Одлуки.**

И З В Е Ш Т А Ј

За реализираните расходи од Буџетот на Општина Охрид,
програма А0-Совет на Општина Охрид за период 01.01-30.06.2017 година

Согласно востановената пракса за транспарентност во трошењето на буџетот и програмата Совет во која се предвидени средства за нормално функционирање на овај орган, во рамките на Буџетот на општината за 2017 година, за програмата А0 - Совет на Општина Охрид, одобрени се средства во висина од 22.800.000,оо денари. Реализираните расходи во висина од 7.899.752,оо денари се распределени по потставки во зависност од утврдената намена. Позначајни зафаќања и исплати во овој квартал се образложени подолу во текстот, како што следи:

Од вкупно реализираните расходи, во вторит квартал од 2017 година, за плати и надоместоци за советници исплатени се 2.107.862,оо денари.

Како помош за настанати штети од пожари и други елементарни непогоди од контото за тековна резерва исплатени се вкупно 402.630,оо денари, по заклучоци и одлуки донесени во анализираниот период.

Општина Охрид, преку Советот како нејзин орган, на дел од жителите со загрозена социјална и финансиска состојба им пружа финансиска помош преку субвенционирање на дел од нивните јавни комунални трошоци и по истиот основ во опфатениот период исплатени се 467.650,оо денари кон јавните комунални претпријатија.

Посебна категорија на која Општина Охрид ѝ посветува особено внимание се учениците и студентите, ценејќи го нивниот талент, знаење и труд општината доделува стипендии со цел поттикнување учењето на младите и достигнувањата на што поголеми успеси. Опфаќајќи дел од доделените средства за учебната 2016-2017 година од одобрените средства со Буџетот за 2017 за стипендии исплатени се 1.388.500,оо денари.

Постапувајќи во насока на поддржување и помагање на граѓаните и институциите на Охрид, од програмата на Советот на Општина Охрид, трансферирани се средства до бројни здруженија на граѓани, фондации и хуманитарни организации, во висина од 538.500,оо денари. По заклучоци од соодветни комисии кои се во состав на советот на општината, од контото други трансфери, кон повеќе правни и физички лица исплатени се средства во висина од 402.269,оо денари по основ финанисирање на проекти од јавен интерес за општина Охрид а од истото конто, согласно потпишаниот меморандум со ЈЗУ Општа болница Охрид, за прво и второ родено дете, исплатени се 1.170.000,оо денари.

Општина Охрид членува во повеќе меѓународни и домашни организации а се со цел афирмација и промоција на градот, поради што се наметнува обврска за плаќање членарини кон тие организации, па така по овој основ исплатени се вкупно 1.305.940,оо денари, од кои 445.992,оо се исплатени кон ЗЕЛС, членарина за 2017 година, додека остатокот од исплатениот износ 859.948,оо ден. се однесува по спогодба со Југозападниот плански регион за исплата на долг од претходни.

Советот на Општина Охрид за периодот од 01.01.2017 година до 30.06.2017 година, има извршено 34,65% од вкупно планираните трошоци во буџетската 2017 година.

**Број 08-10968/42-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварување на Буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/43** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварување на Буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/43** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**
**за периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017 година**

**Буџет на Општина Охрид**

Предизвиците кои стојат пред локалната самоуправа, квалитетот на извршувањето на обврските како и решавањето на проблемите и потребите на граѓаните, безусловно бара ефикасен процес на планирање и реализација на буџетот на локалната самоуправа.

Процесот на буџетирање е една од најважните активности на локалната самоуправа и една од најзначајните активности во задоволувањето на секојдневните потреби на граѓаните, поради што бара и директна вклученост на сите граѓани, здруженија и целокупната администрација во процесот на изготвување на буџетот како единствен годишен развоен документ. Како перманенетен процес буџетирањето започнува со изработка на годишен план, годишни и развојни програми и трае се до крајот на буџетската година кога годишните програми треба целосно или во голема мера да бидат исполнети додека остварувањето на развојните програми продолжува во другите буџетски години односно со другите буџетски процеси. Од начинот и квалитетот во спроведувањето на овие активности ќе зависи и квалитетот на живеење кој го овозможува соодветната локална самоуправа и задоволството на граѓаните од работата на локалната самоуправа. Битен момент кој придонесува за остварување на опишаните активности и дава реална шанса за спроведување на истите е спроведување на процес на децентрализација, процес на реформи кои започнаа со пренесување на надлежности од централно на локално ниво. Крајниот ефект од овие промени треба да биде рефлектиран врз квалитетот на живеењето на сите граѓани во смисла

подобрување во управувањето со финансиските текови на локално ниво, контрола на извршувањето на буџетот и поголема транспарентност во трошењето на буџетот.
Прв и најважен момент за развојот на демократските процеси, развој и поттик на локалната демократија, прва и основна алка за успешно спроведување на процесот на децентрализација е процесот на фискална децентрализација, процес од кој зависи остварувањето на сите други активности и процеси.

Почетокот на овој процес се судруваше со низа проблеми, системот на финансирање на ЕЛС во Македонија кој се карактеризираше со голема мера на централизам, требаше постепено да се ослободува и да се пренесува на локално ниво. Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа процесот на фискална децентрализација се планираше да се одвива во две фази, а со цел воспоставување на механизам за финансирање на општините кој ќе биде транспарентен и заснован на објективни критеруми и мерила. Првата фаза ги опфати сите општини и се однесуваше на трансферот на надлежности и средства за нивно извршување од централно на локално ниво, а преминот во втората фаза беше условен со исполнување на повеќе критериуми, како обезбедување на кадровски капацитети во општините, добро финансиско работење, подмирени долгови и сл. Од денешна перспектива иако се поминати десетина години од започнување на овој процес може да се истакне дека и покрај позитивни промени кои започнаа со овој процес и кои се спроведуваа во изминатите години, сепак се уште и денес, за процесот на фискална децентрализација во Македонија, може да зборуваме за висок степен на централизираност и можност за унапредување на овој процес. Локалните финансии и натаму се само дел од вкупните финансии односно дел од општиот буџетски процес. Ваквата ситуација во спроведувањето на овие процеси, пред се е одраз на недоволниот обем на ингеренции односно компетенции кои ги имаат локалните самоуправи согласно постојната законска регулатива.
Во поглед распределбата и извршувањето на функциите на различни нивоа на власт и најбитниот елемент финансирањето на тоа извршување, можни се два пристапа. Според првиот централизиран пристап, сите фискални приходи, се собираат и концентрираат на едно место односно во републичкиот, централен буџет, од кој пак подоцна во различен облик се финансира потрошувачката на пониските нивоа на власт преку различни форми на трансфери и донации. Вториот децентрализиран пристап е одраз на финансиска автономија на пониските нивоа на власт, како во процесот на прибирање на фискалните приходи, така и во процесот на потрошувачка. Во овој поглед предностите од фискалната децентрализација се како во развојот на демократските процеси на локално ниво, во подобрата перцепција за даночната способност на локалното население, така и во поглед на големината и структурата на потребите на тоа население. Во овој сегмент, фискалната димензија на децентрализацијата на власта опфаќа две прашања: првото, околу распределбата на приходите и расходите помеѓу двете нивоа на власт и второто, околу обемот на дискреција на локалните власти во определувањето на своите приходи и расходи.
Фискалниот капацитет на ЕЛС ја одразува способноста да се генерираат приходи за финансирање на јавните услуги кои се нудат на локалното население. Фискалниот капацитет дава слика за тоа колку приходи може да приберат општините со просечно фискално оптоварување на локалното население. Фискалниот капацитет на една општина не треба да се поистоветува со стварните приходи кои ги прибира општината. Фискалниот капацитет е едно, а даночниот напор, односно ангажираноста во прибирањето на фискалните приходи е друго, па поради тоа, малата наплата на даночните приходи не значи и слаб фискален капацитет, напротив тоа е резултат на недоволна ангажираност, неекипираност, нестручност на локалните служби во процесот на прибирање на овие приходи, а не слаб фискален капацитет. Генерално, фискалниот капацитет на ЕЛС е определен од даночната база со која располага самата ЕЛС, а даночната база пак од своја страна зависи како од површината која ја опфаќа

самата општина, така и од густината и бројот на население што живее во рамките на таа општина, така и од нивото на економската активност во општината.
Фискалната децентрализација најчесто повлекува унапредување на економската ефикасност во обезбедувањето на јавните добра, и аналогно на тоа пониските нивоа на власт односно локалната власт може во најголема мера преку својот буџет да излезе во пресрет за задоволување на потребите на локалното население. Фискалната децентрализација, треба да овозможи реализација на проекти кои се во склад со локалните прилики и да овозможи алокација на средствата во оние сегменти каде што се најпотребни. Оваа децентрализација треба да биде поттик за локалните власти за поефикасно користење на средствата, со цел остварените заштеди да се употребат за други намени во склад со потребите на населението. Според некои истражувања, фискалната децентрализација влијае позитивно врз фискалната стабилност на една земја, а има и позитивен ефект врз стопанскиот раст.
Фискалната децентрализација и воопшто целиот процес на децентрализација е во тесна врска и со политичката слобода, намалената бирократија и помалку сложените процедури во остварувањето на потребите на населението. Друг момент, односно слабост во процесот на фискалната децентрализација, односно централизација во Македонија е тоа што се уште процесот на подготовка на локалниот буџет е во тесна врска со централниот буџет, а основните насоки за изработка на локалниот буџет и натаму ги дава министерството за финансии. Локалниот буџет се подготвува во иста процедура како републичкиот, локалниот е дел од централниот буџет, јавните приходи се на локално ниво, нивната наплата во најголем дел е повторно централизирана, при што поголем дел од приходите прво се уплаќаат во централниот буџет, а потоа врз одреден критериум се трансферираат на ЕЛС.
Една од идните активности во врска фискалната децентрализација е тоа што овој процес треба да биде зајакнат и да бидат направени одредени реформи во поглед системот на финансирање на општините, а во смисла на обезбедување позначајни и постабилни извори на приходи, што заедно со трансферите од централната власт ќе овозможат солидна буџетска основа и можност за унапредување на човековиот развој на локално ниво, како во делот на образованието, здравството, социјалната заштита така и во сите други сфери во надлежност на локалната самоуправа.Предностите од фискалната децентрализација најдобро ќе дојдат до израз со поголема вклученост на граѓаните, како и подобрување на координацијата помеѓу централната и локалната власт. Успешна децентрализација, вклучително и фискална е поверојатна доколку овој процес се спроведува постепено, во пооделни фази, без нагли и драстични промени, со нагласок на тоа дека процесот не треба да се одолговлекува до недоглед.
Смислата на процесот на децентрализација на власта како и фискалната децентрализација во Македонија треба да овозможи подобрување на квалитетот на животот на луѓето, што во крајна мера ќе биде показател во успешноста на спроведување на овој процес.Децентрализацијата како процес носи низа предности, но од друга страна децентрализацијата не треба да се сфати како решение на сите проблеми, т.е. таа носи со себе и низа ризици. Во процесот на децентрализација, поради низа технички и административни капацитети на локалните власти, овој процес може да тргне во поинаков правец и да доведе до влошување на нивото на понудата на јавните услуги, може да доведе до регионални нееднаквости поради различните капацитети на општините, можност да се јават големи разлики во понудата на јавните добра помеѓу побогатите и понеразвиените општини. Децентрализацијата, доколку не се воспостават механизами за контрола на трошоците на општините, може да доведе до сериозно загрозување како иднината на сопствената локална самоуправа и интересите на локалното население, така и макроекономската стабилност на земјата.
Поради отсуство на вакви механизми на контрола во минатиот период, во ваква незавидна положба сеуште се наоѓа нашата општина. Поради претходно спомenатите опасности во

спроведувањето на овој процес, потребно е носителите на политиките и носителите на процесот на децентрализација во спроведувањето на овој процес да бидат крајно внимателни. Притоа, за успешност на овој процес потребно е зајакнување на процесите во поглед отстранување на регионалните разлики, зголемување на надлежностите на општините, јакнење на фискалниот капацитет на општините, продлабочување и подобрување на координацијата помеѓу локалната и централната власт.

Суштината на децентрализацијата е во тоа локалната власт да има овластување и одговорност за сопствено финансирање на локалните потреби на граѓаните. Тоа значи локалните власти да имаат целосна фискална автономија и можноста односно право, самостојно да ги утврдувааат и менуваат даночните стапки и даночната основица. Во моментов ова право во ограничен степен го имаат општините, но тоа е сосема недоволно. Доколку се погледнат неколкуте најбитни даноци кои се приход на општината, ќе се забележи степенот на ограниченост и нелогичност во нивното утврдување, рамките во кои се движи висината на овие даноци за кои одлука носи Советот на Општината, утврдувањето на данокот на имот, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности и сл. Во ваква ситуација нормално дека општините ќе одат со максималните стапки, поради и онака ограничените приходи. Тука се поставува прашање, зошто се поставени тесни ограничувања и зошто општините не би имале поголема слобода во утврдувањето на висината на овие стапки од друга страна, што отвора можност за појава на конкуренција меѓу општините, што пак во поглед на спроведување на процесот, отвора дилема дали се работи за вистинска фискална децентрализација или едноставно се работи за префрлање на надлежноста за утврдување и наплата на овие даноци.

Општ заклучок од досегашното спроведување на процесот на фискална децентрализација е дека општините во Македонија се уште се многу далеку во споредба со фискалните односно финансиските можности и права на државата. Овде треба да се спомене отсуството на критериуми и јасна формула за распределба на средствата кои се добиваат од централниот буџет, а со кои ќе се одразуваат разликите помеѓу општините, непостоење на квалитетна методологија за намалување на разликите кои се јавуваат меѓу општините. Се уште зависноста на општините од централната власт се огромни, последните години дотациите во областа на образованието не го следат растот на цените на ресурсите, во неколку наврати беа и намалени поради што се јавува хроничен недостиг на средства за нормално извршување на овие активности.

Врз основа вршените согледувања и анализи на спроведувањето на процесот на децентрализација во изминатиот период, во следниот период фокус мора да се стави на засилување на фискалната децентрализација и тоа низ повеќе аспекти. Потребно е да се изработи и имплементира методологија за изедначување на финансиските капацитети на општините, да се обезбедат дополнителни средства за општините да ги воспоставaт потребните институции на локално ниво, да се ревидираат методологиите за распределба на блок дотациите и капиталните трансфери, да се олесни пристапот за кредитно задолжување на општините.

Како што може да се заклучи, од денешен аспект, и покрај придобивките од процесот на децентрализација, општините се уште се судруваат со низа недоследности во поглед на фискалната децентрализација и автономија и во ваква поставеност на системот на јавни финансии, може да се каже дека кај нас се уште може да зборуваме за еден вид централизирана децентрализација. Успешна фискална децентрализација, во периодот што следи, е од суштинско значење за економскиот развој на Македонија, а спроведувањето на овој процес е од интерес и на централната и на локалната власт. Оттука, и двете, во заедничка спрега, треба да придонесат и да создадат услови фискалната децентрализација, навистина да функционира. Централната власт треба да го препознае потенцијалот на процесот на децентрализацијата во насока на подобрување на ефикасноста и ефективноста во управувањето со јавните ресурси и да обезбеди стабилна макроекономска политика, а

локалната власт пак треба да покаже дека е подобро позиционирана од централната власт за раководење со јавните приходи и расходи во склад со локалните потреби.
Буџетот на општината како годишен план за финансирање на функциите и обврските се состои од годишна проценка на приходите и трошоците по намени. За реално утврдување на вкупните годишни приходи и расходи потребно е во целост да се запази процесот на буџетирање утврден согласно Законот за финансирање на локалната самоуправа и Законот за буџетите. Процесот на буџетирање претставува една од најзначајните активности во локалната самоуправа и како таков е во цврста интегративна врска со процесот на стратешко планирање.
Во оваа смисла квалитетно изготвен буџет претставува основен предуслов за квалитетно извршување на зацртаните програми и активности. Имајќи го во вид сето погоре кажано, Општина Охрид изготви буџетски календар со цел навремено и целосно да бидат согледани потребите на граѓаните од една страна и истите во согласност со законските прописи кои ја регулираат оваа материја да бидат имплементирани при усвојувањето на буџетот за 2017 год.
Општина Охрид согласно усвоениот буџетски календар и циркуларното писмо добиено од Министерството за финансии, во кое се утврдени параметрите по основ на блок дотации и други трансфери од власта, на седницата одржана на ден 23.12.2016 година со Одлука бр. 08-19222/29 го утврди буџетот на Општината за 2017 година на износ од 1.113.104.237,оо денари.
Со Одлука бр. 08-7600/23 од 19.06.2017 за измена на распоредот на средствата на буџетот на општина Охрид нивото на буџетот остана на претходното ниво а повторно се изврши само реалокација на средства помеѓу две програми програми и аналитички конта во истите. Со Одлука бр. 08-7600/26 од 19.06.2017 за проширување на средствата на буџетот на општина Охрид нивото на буџетот се зголемува за 10.684.150,оо ден. во делот од донации во средното образование.

**Приходи**

Согласно Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за буџетите, општините остваруваат приходи од следните извори:
- сопствени извори на приходи, кои се остваруваат врз основа на наплатата на локални даноци, такси, надоместоци приходи по основ сопственост;
- приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите, како средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери;
- приходи на буџетските корисници кои се користат за покривање на нивните редовни активности, познати како приходи од самофинансирачки активности;
- приходи по основ на донации, кои се остваруваат врз база на изработени и одобрени проекти од разни меѓународни институции и фондови;
- приходи по основ на блок дотации за буџетските корисници од областа на образованието и детската заштита;
- приходи по основ на наменски дотации за ППЕ.

Процесот на буџетирање, содржината и програмите на буџетот се усогласени со унифициран начин на подготвување и изработување на буџетот, утврден од Министерството за финансии, при што буџетот на општината го сочинуваат, општ и посебен дел. Во општиот дел, содржани се следните елементи:
- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно оперативни расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи;
- приходи и расходи за развојните програми.

Посебниот дел на буџетот исто така во унифицирана форма ги прикажува расходите според Правилникот за класификација на расходите групирани во посебни програми.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и постојната класификација на приходите во зависност од нивниот извор на настанување, најголем дел од планираните средства во буџетот за 2017 год. на општина Охрид, во висина од 553.972.233,оо денари се приходи кои според изворите на настанување, општината ги остварува од редовно работење и активности утврдени во ЗФЕЛС. Доколку се земе предвид структурата на планираните приходи, износот од 553.972.233,оо денари е распределен по групи на приходи:

- Даночни приходи ------------------------------------- 447.167.154,оо
- Неданочни приходи ---------------------------------- 14.850.000,оо
- Капитални приходи ---------------------------------- 17.450.000,оо
- Трансфери и донации --------------------------------- 74.505.079,оо

По основ трансфери од државниот буџет за блок односно наменски дотации со намена за финансирање на активностите од областа на образованието, детската заштита и противпожарната заштита е предвиден износ од 384.688.318,оо денари од вкупно утврдениот буџет.

Во вкупниот буџет согласно законската регулатива на општината се вклучуваат и средствата кои ги остваруваат буџетските корисници на општината (основните, средните училишта и детските градинки) по основ на тн самофинансирачки активности, приходи кои се утврдени на вкупен износ од 21.066.000,оо денари.

По основ донации за конкретни проекти за кои општина Охрид аплицирала пред меѓународни институции, во буџетската 2017 година проектиран е износ од 24.444.150,оо денари. Остварувањето на овој дел од приходот е условен од реализацијата на проектите доставени до разни домашни и меѓународни институции наменети за изградба на инфраструктурни објекти, одржување на културни манифестации и сл.

Согласно заложбите и активната политика на општината насочена кон изнаоѓање на решенија за подобрување на инфраструктурата во нашата општина и подобрување на квалитетот на живеењето на граѓаните на нашата општина голем број проекти во минатиот период се реализираа по пат на задолжување, со цел одржување на развојната компонента на градот. Имајќи го во предвид позитивното искуство од ваквите активности во изминатиот период и во годинешниот буџетот на општина Охрид предвидени се средства во износ од 139.617.686,оо денари кои општината ќе ги обезбеди преку Министерството за финансии а за средства од Светска банка со ниска каматна стапка и рок на отплата над пет години.

Според извршената анализа и податоците со кои располага сметководството, општина Охрид за првиот квартал остварила вкупен приход од 455.669.353,оо денари или процентуално изразено 40,55 % од севкупно проектираните приходи. Ваквиот процент на остварување е збир од сите извори на приходи.

Вкупно остварените 455.669.353,оо денари и остварувањето од 40,55 % од вкупно проектираните приходи, покажуваат дека реализацијата се движи во рамките на очекувањата и е за 9,46 % помала од идеалните параметри за остварувања во овој период.

Ваквиот процент на остварување за периодот кој поминува е на задоволително ниво, но и укажува на потребата Општината во претстојниот период да превземе дополнителни активности и мерки за зголемување на остварувањето на приходите особено на одредени групи на приходи планирани во буџетот на општина Охрид.

Структурата на остварените приходи по основ на извори дадена е во следната табела:

***Табела 1***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2017** | **Остварено во прв квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **384.688.318** | **201.755.103** | **52,45** |
| **Самофинансирачки приходи** | **21.066.000** | **9.415,112** | **44,69** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Даночни приходи** | **447.167.154** | **174.448.702** | **39,01** |
| **Неданочни приходи** | **14.850.000** | **6.671.725** | **44,93** |
| **Капитални приходи** | **17.450.000** | **14.356.209** | **82,27** |
| **Приходи од донации** | **24.444.150** | **7.569.899** | **30,97** |
| **Трансфери и донации** | **74.505.079** | **41.452.603** | **55,64** |
| **Кредити** | **139.617.686** | **/** | **/** |
| ***Вкупно*** | ***1.123.788.387*** | ***455.669.353*** | ***40,55*** |

Податоците дадени во табелата укажуваат дека кај некои извори на приходи забележливо е одредено отстапување во степенот на нивната реализација. Она што треба да се напомене околу остварувањето на приходите за вториот квартал е тоа дека во остварувањето е опфатен и дел на средства кои како непотрошени во претходната година се пренесуваат во тековната буџетска година, пооделно износи: 6.122.517,оо ден. пренесени средства во основниот буџет на општината, 13.354.334,оо ден. во делот на донациите, 14.125.607,оо денари во делот на наменските, односно блок дотациите и 3.573.990,оо денари во делот на самофинансирачките активности. Во табеларниот дел, образец К1 овие приходи се вкалкулирани во контото 741-Трансфери од други нивоа на власт, поради фактот што според единствената класификација на приходите и расходите овие приходи припаѓаат на оваа група.

Од податоците прикажани во табелата бр.1 највпечатливо отстапување во смисла на помало остварување на планираните приходи се јавува кај даночните приходи во кои со најголем процент како и во номинален износ влегуваат приходите од надомест за уредување на градежно земјиште и даноците на имот и промет, како и комуналната такса за јавно осветление. Остварувањето на даноците на имот е на задоволително ниво, додека одредени отстапувања се јавуваат во делот на даноците на специфични услуги каде влегуваат комуналните такси и надоместоци, како комуналната такса за привремен престој, комуналната такса за истакнување фирма и сл. Средствата по основ на самофинансирачки активности се проектираат и остваруваат согласно согледувањата од страна на раководителите на основните, средните училишта и детските градинки и нивното остварување зависи од правилните проекции на пооделните субјекти, иако треба да се истакне дека овие приходи во опфатениот период се остваруваат во рамки на очекувањата и вкупниот просек.

Приходите по основ на блок односно наменски дотации, согласно утврдените проекции очекуваме до крајот на годината во целост да бидат реализирани. Споредбено за истиот период во буџетската 2016 година остварувањата се дадени во следната табела:

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2016** | **Остварено во прв квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **368.485.000** | **187.556.914** | **50,90** |
| **Самофинансирачки приходи** | **22.130.000** | **9.032.304** | **40,81** |
| **Даночни приходи** | **465.156.167** | **133.967.873** | **28,80** |
| **Неданочни приходи** | **14.300.000** | **8.329.493** | **58,25** |
| **Капитални приходи** | **16.450.000** | **12.492.373** | **75,94** |
| **Приходи од донации** | **23.124.259** | **10.342.438** | **44,73** |
| **Трансфери и донации** | **93.877.850** | **47.003.615** | **50,07** |
| **Кредити** | **104.979.351** | **73.831.977** | **70,33** |
| ***Вкупно*** | ***1.108.502.627*** | ***482.556.987*** | ***43,53*** |

Споредбено 2017 год. во однос на 2016 год. за првиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (изворни приходи, основен буџет), во номинален износ, изнесуваат:
- остварување во 2017 год. 236.929.239,оо денари
- остварување во 2016 год. 201.793.354,оо денари
Остварувањето во 2017 год.на основниот буџет, соодветно на прикажаното остварување е за 17,41 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2016 година.
Споредбено 2017 год. во однос на 2016 год. за првиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи, по сите основи (изворни приходи, самофинансирачки активности, блок дотации, донации, кредитно задолжување), во номинален износ, изнесуваат:
- остварување во 2017 год. 455.669.353,оо денари
- остварување во 2016 год. 482.556.987,оо денари
Остварувањето во 2017 год. на вкупниот буџет, соодветно на прикажаното остварување е за 5,90 % помало од остварувањето за наведениот период во 2016 година.
Активната политика која општина Охрид ја води во однос на превземање на мерки за прибирање на приходите по сите основи и извори до крајот на годината би резултирало со остварување на буџетот во планираните – рамки, во спротивно неопходен чекор би бил ревидирање на предвидените приходи и расходи и пристапување кон донесување на Одлука за измени и дополнувања на буџетот на општината, согласно позитивните законски прописи.
Динамиката како и износите на остварување на буџетот кумулативно на синтетички конта согласно напатствијата од МФ на РМ, се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 кој поблиску ги прикажува планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал, во случајов со 30.06.2017 година. Остварувањето на приходите во општината по извори подетално се дадени во кварталниот извештај – образец К1 од каде може да се согледаат планираните износи како и нивното остварување заклучно со 30.06.2017 година.

**Расходи**

Расходите на буџетот, според корисници и намени, се групирани во соодветни програми, а најчесто застапени и користени програми во процесот на буџетирање на локалната самоуправа се следните:
- Совет на општина, која ги содржи и опфаќа активностите и расходите поврзани со работата на општинскиот совет;
- Градоначалник, во која се искажани потребните расходи за функционирање на институцијата градоначалник;
- Месна самоуправа, во која програма се предвидуваат средства за поддршка на месните, односно урбаните заедници;
- Општинска администрација, ги содржи расходите неопходни за функционирање на општинската адинистрација во делот на режиските трошоци како и други трошоци неопходни за функционирање на општинските служби;

Следни на листата се програмите во кои се зацртани разни активности и проекти од значење за развојот на општината, а се однесуваат на разни инфраструктурни активности:
- *Урбанистичко планирање,* програма која е од особено значење за развојот на локалната самоуправа од аспект што планирањето на просторот од секогаш било едно од основните и најважни активности и надлежности на локалната власт, а во смисла дефинирање на просторот за живеење и функционирање на одредена група на луѓе, преку генералните и деталните урбанистички планови;

- *Уредување на градежно земјиште.* Оваа програма исто така е од витално значење за граѓаните од аспект на инфраструктурни решенија за непречено одвивање на секојдневните активности на населението и решавањето на основните човекови потреби од овој вид како изградба на пристапни улици, водовод, обезбедување со електрична енергија и сл.;
- *Поддршка на локалниот економски развој.* Со почеток на спроведувањето на процесот на децентрализација во Македонија, за првпат општините добија надлежност да се грижат за локалниот економски развој. Една од активностите кои треба да имаат централно место во активностите на општините од овој вид е поддршката на развојот на малите и средните претпријатија и поттикнување на претприемништвото. Оваа надлежност на локалната самоуправа, како релативно нова, неопходно побарува голема инвентивност и креативност од локалните власти, кои ќе се во согласност со нивните стратешки планови и документи и ќе помогне во изнаоѓање на форми и мерки за поддршка на развојот на овие претпријатија, за што секако потребна е и одредена координираност и корелација со централната власт;
- *Поттикнување и развој на туризмот.* Имајќи ги во предвид природните богатства и капацитети кои ги поседува нашата општина и заложбите за промоција на градот како привлечна туристичка дестинација, една од главните активности и програми во планирањето на буџетот треба да биде токму оваа;
- *Проекти за енергетска ефикасност.* Имајќи ги во предвид измени во Законот за енергетика и задолжителноста во спроведување на одредбите од овој закон, имајќи ја во вид се поголемата ограниченост на обновливите ресурси, оваа програма и активностите од овој вид повеќе од сигурно е дека во наредните години ќе завземаат се позначајно место во планирањето на буџетите на локалните самоуправи;
- *Изградба и одржување на јавно осветление,* како програма предвидена во буџетот на општина Охрид служи за реализација на активности од оваа сфера, подобрување на постојната мрежа, како и изградба на нови мрежи низ општината во оние делови каде што нема или има во недоволен обем. Во врска со овие активности во соодветна законска постапка преку ЈПП избран е јавен приватен партнер кој изврши модернизација, проширување и одржување на системот за јавно осветлување на општина Охрид;
- *Јавна чистота.* Друг сегмент, кој не е помалку значаен од економскиот развој е и заштитата и зачувувањето на животната средина. Локалната самоуправа несомнено во овој правец превзема голем број на активности и мерки за спроведување на оваа надлежност;
- *Изградба, одржување и заштита на локални улици и патишта*, согласно позитивните законски програми оваа програма ги опфаќа активностите за изградба на нови улици и патишта кои се во надлежност на локалната самоуправа, одржување на постојните улици и патишта, вклучително и зимското одржување. Од аспект на непречено одвивање на целокупната комуникација во границите на општината, оваа програма и активностите предвидени во истата се итоа како битни од повеќе аспекти и не случајно оваа програма според својот опфат во буџетот е една од поголемите и пообемни програми. За активностите од оваа програма покрај предвидените средства од основниот буџет, предвидени се и средства од кредитно задолжување преку МФ а за средства од светска банка;
- *Изградба на сообраќајна сигнализација,* како програма е во тесна врска со претходната програма и во своите активности ги опфаќа работите за поставување хоризонтална и вертикална сигнализација на улиците и патиштата во надлежност на општината а во насока на безбедно одвивање на сообраќајот, правилно информирање и заштита на сите учесници во сообраќајот;
- *Изградба на сиситеми за водоснабдување,* програма која како развојна програма опфаќа активности за изградба и реконструкција на водоводни мрежи на територија на општина Охрид, програма која исто така е од големо значење за квалитетот на живеењето на граѓаните;

- *Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води,* програма која ги опфаќа активностите за изградба и реконструкција на капацитети за одведување и пречистување на отпадни води, активности кои покрај тоа што директно влијаат на квалитетот на животот на граѓаните исто така имаат значаен ефект за заштита на животната средина;
- *Социјална заштита,* оваа програма опфаќа друг значаен момент кој треба да се опфати со стратешките приритети на општината, планирани активности кои во континуитет ќе опфатат социјална заштита на населението и заштитата на децата. Овие активности исто така треба да бидат усогласени со националната програма за развој на социјалната заптита и опфаќа повеќе сегменти како заштита на децата, социјална грижа за инвалидизирани лица и лица со специјални потреби, грижа за стари лица и сл. Како релативно нова надлежност на локалната самоуправа во овој дел многу се прави но исто така има уште многу работи кои треба да бидат осмислени и реализирани, во согласност со надлежностите и финансискиот капацитет на општината;
- *Спорт и рекреација,* активностите опфатени во оваа програма се значаен сегмент и дел кој дава придонес во развојот на здрави поколенија и начин на кој младите треба да се отргнат од пороците на денешницата. Со сегашната поставеност на системот спортот на локално ниво е целосно надвор од финансирањето на централната власт и тој е оставен на локалните самоуправи, кои во рамките на своите можности го потпомагаат. Субвенционирањето на активностите од овој тип се предвидени во буџетот на општината токму во оваа програма;
- *Образование и култура,* за значењето на оваа програма не треба многу да се зборува и оттука планираните активности и инвестиции во оваа програма се доста значајни итоа на долг рок. Науката и продукцијата на стручни, образовани и обучени кадри е она што ја влече економијата во прогрес, тоа е иднината на секое општество тоа е влечната сила за напредок и развој на општеството. Активностите во оваа програма се остваруваат како преку блок дотации, така и со сопствени средства од буџетот на општината. Поради сето претходно кажано итоа како е значајно вложувањето во овој процес со цел унапредување и развој на образовниот процес;
- *Противпожарна заштита,* во оваа програма се опфатени расходите за територијалната против пожарна единица, како во делот за покривање на режиските трошоци така и во делот за набавка на потребните ресурси за непречено извршување на законските надлежности и обврски на оваа институција.

Секоја од овие програми е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите утврдена од Министерството за финансии. Покрај овие програми, кои најчесто се јавуваат при креирањето на локалните буџети, постои можност, доколку се јави потреба, во соодветна процедура да бидат креирани и нови програми, кои ќе бидат во согласност со извршувањето на надлежностите на некоја локална самоуправа. При планирањето на активностите и програмите во буџетот важен момент е утврдувањето на расходите како и нивната структура. Структурата на расходите покрај законски утврдените надлежности на општината произлегува и е зависна и од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со нив. Структурата на расходите генерално се разликува во зависност од тоа, дали се разгледува вкупниот или основниот буџет, но во основа, генерален заклучок е дека капиталните расходи, во најзначителен дел се реализираат и финансираат од сопствени средства.

Остварувањето, висината, како и динамиката на вкупните расходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за

остварување на програмата, реализацијата пооделно по програми заклучно со 30.06.2017 како и процентот на остварување. Расходите пооделно по структура и програми прикажани се во следната табела:

| | *Програм* | *Планирано* | *Остварено* | *%* |
|---|---|---|---|---|
| Ао | Совет на општина | 22,800,000 | 7,899,752 | 34.65 |
| До | Градоначалник | 3,412,500 | 1,209,563 | 35.45 |
| Ео | Општинска администрација | 130,420,000 | 57,928,357 | 44.42 |
| Ф1 | Урбанистичко планирање | 4,500,000 | 122,204 | 2.72 |
| ФА | Уредување на градежно земјиште | 92,900,000 | 37,613,312 | 40.49 |
| Г1 | Подршка на ЛЕР | 4,000,000 | 72,703 | 1.82 |
| Г2 | Потт. на развојот на туризмот | 18,500,000 | 10,016,155 | 54.14 |
| ГД | Проекти за енергетска ефикасност | 500,000 | / | / |
| Ј3 | Јавно осветление | 53,000,000 | 24,701,229 | 46.61 |
| Ј4 | Јавна чистота | 11,000,000 | 8,049,796 | 73.18 |
| Ј6 | Оддржување и зашт.на пат.и улици | 1,500,000 | 388,273 | 25.88 |
| Ј7 | Оддрж. и корист. на парк. и зеленило | 6,000,000 | 4,833,399 | 80.56 |
| Ј8 | Други комунални услуги | 4,000,000 | 2,129,792 | 53.24 |
| ЈД | Изгр.и реконс.на патишта и улици | 44,600,000 | 25,784,286 | 57.81 |
| ЈФ | Изград.на сообр. сигнализација | 3,500,000 | 1,355,147 | 38.72 |
| ЈГ | Изград.на системи за водоснабдув. | 11,000,000 | 2,481,564 | 22.56 |
| ЈИ | Сист. за одвед.и преч.отпад.води | 16,000,000 | 3,982,118 | 24.89 |
| К4 | Култ.манифестации и творештво | 21,070,000 | 2,127,139 | 10.10 |
| Ло | Спорт и рекреација | 19,300,000 | 10,864,258 | 56.29 |
| Н1 | Основно образование | 53,420,000 | 22,114,527 | 41.40 |
| Н2 | Средно образование | 5,520,000 | / | / |
| Р1 | Заштита на животна средина | 1,200,000 | 194,538 | 16.21 |
| В1 | Детски градинки | 4,600,000 | 1,150,695 | 25.02 |
| Ђо | Противпожарна заштита | 21,229,733 | 6,743,922 | 31.77 |
| | ***Вкупно*** | ***553,972,233*** | ***231,762,729*** | ***41.84*** |

Податоците во табелата согласно програмските активности се реален приказ на моменталната состојба на општина Охрид и се во согласност со финансиските капацитети на општината.
Реализација на активностите во програмите во голема мера ќе зависи од степенот на остварување на вкупниот буџет на општината.
Искажаното во расходната програма за очекување е како процентуално така и структурно да го прати остварувањето на буџетот и приходите планирани во истиот а степен на реализација како во номинален износ така и по програми, активности и проекти да се движи правопропорционално со остварувањето на приходи.

**Број 08-10968/43-1**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.01. до 30.06.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/44**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 13 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.01. до 30.06.2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/44**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**За состојбата во областа на јавна безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата**

**ОПШТИ СОСТОЈБИ И УСЛОВИ**

Во текот на **првата половина на 2017 година ПС од општа надлежност - Охрид** согласно законската функција и надлежност, работите ги извршуваше во сложени општествено економски и социјални услови, а **релативно поволна безбедносна состојба**.

Ангажманот беше насочен кон остварување на човековите права и слободи, заштитата на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, откривачката функција, спречувањето и откривањето на кривични дела и.т.н., заштита на јавниот ред и мир и поредокот, а целокупните активности се преземаа согласно определените и приоритетните цели во корелација со останатите организациони единици во СВР-Охрид, односно МВР на РМ.

Динамиката и појавата на нови облици и форми на криминалитетот како и појавата на нови извршители на кривични дела, туристичката сезона, зголеменото обезбедување на објекти и личности, културни манифестации и спортски натпревари беа главни индикатори во извршувањето на работите и работните задачи.

Индикатори кои влијаеа и го детерминираа извршувањето на функцијата на ПС ОН - Охрид во **првата половина на 2017 година:**

а) Моменталната безбедносна состојба во Република Македонија на политички, економски, безбедносен аспект и од аспект на севкупен општествен живот во земјата, ја детерминираат безбедносната состојба на територијата на Општина Охрид, која може да се оцени како **поволна и стабилна** и покрај тоа што негативните општествени појави и настани во нашата земја, соседните држави и регионот имаат влијание и одраз на безбедносната состојба во Општина Охрид.

Присутното незадоволство кај граѓаните од аспект на економската сфера и политичката состојба, ја усложнува и неповолно се одразува на безбедносната состојба на Општина Охрид, што резултираше со организирано незадоволство во вид на протестни маршови( јавни собири) подржани од Граѓански здруженија, но при тоа не се регистрирани појави и настани кои во овој момент би можеле да ја загрозат безбедносната состојба.

Во областа на ЈРМ и безбедноста на патниот сообраќај, не се регистрирани извршувања на потешки прекршоци или вршење на прекршоци во поголем обем, а не се регистрирани ни останати недозволени асоцијални однесувања. Лицата нарушители и лица склони кон нарушување на ЈРМ не манифестираат посебни активности.

На подрачјето на Општина Охрид, присутни се вообичаен број на странци во хотелите и во приватните сместувања, а од страна на присутните странци не се регистрирани безбедносно интересни појави.

ПС од ОН - Охрид согласно законските одредби ја остваруваше својата функција со максимално професионално ангажирање на своите работници и со почитување на законитоста при извршување на задачите. Во тој контекст за потенцирање е :

а)Обезбедување на почетокот на туристичка сезона со оглед на зголемено присуство на домашни и странски туристи а се со цел безбеден престој на подрачјето од Охрид

б) ангажираноста за време на бројните обезбедувања при посетата на домашни и странски делегации ;

в) Обезбедување на културна манифестаци фолклорни фестивали ,одржани бројни концерти на подрачјето кои ги покрива ПС ОН Охрид,верски собири(Новогодишни и Божиќни празнувања,Водици,Првомаиски и Велигденски празници,Матруски прослави,Св.Еразмо,Св.Спас, и други верски собири),обезбедување на спортски натпревари,обезбедувања на протести и др.

г) Обезбедување на личности и објекти ( голем број посебни и вонредни обезбедувања);

д) Континуирани акциски контроли во угостителски објекти во содејство со други надлежни институции, како и контрола и акции во областа на сообраќајот.

**Состојба за прекршоците и сторителите од областа на јавниот ред и мир на подрачјето на ПС од општа надлежност-Охрид за периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017 година**

Состојбата во областа на јавниот ред и мир за периодот од **01.01.2017 до 30.06.2017 година** бележи намалување на нарушувањата во однос на истиот период од минатата година, така што бележиме намалување на бројот на регистрирани прекршоци, намалување на бројот на сторители и зголемување на бројот на барања за поведување на прекршочна постапка.

**Регистрирани прекршоци:**

Од 01.01.2017 до 30.06.2017година

| | |
|---|---|
| Прекршоци | 126 |
| Сторители | 169 |
| Барања | 110 |
| Основен суд | 46 |
| Комисија | 64 |

Од 01.01.2016 до 30.06.2016година

| | |
|---|---|
| Прекршоци | 133 |
| Сторители | 173 |
| Барања | 126 |
| Основен суд | 54 |
| Комисија | 72 |

Состојбата на застапеност на прекршоците по видови, споредбено со истиот период од минатата година е следна:

| 01.01.2017 до 30.06.2017 година | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Карање и викање (чл.4 ) | 13 | 6 |
| Фрлање или кршење на предмети (чл.5) | 4 | 4 |
| Оддавање на пијанство (чл.6) | 15 | 8 |
| Вознемирување на соседи (чл.7) | / | 1 |
| Гласна музика (чл.8) | / | / |
| Организирање борба меѓу животни (чл.9) | 1 | / |
| Навредување или вршење присилба спрема друг (чл.10) | 7 | 2 |
| Учество, предизвикување и поттикну-вање друг на тепачка (чл. 11) | 21 | 17 |
| Физички напад (чл.12) | 27 | 29 |
| Омаловажува државен орган (чл.13) | 3 | 4 |
| Постапува спротивно на наредба на државен орган или ОСЛ (чл.14) | 3 | 1 |
| Непостапување по наредба за одлечување од група (чл.15) | / | 1 |
| Лажно пријавување (чл.16) | 2 | 1 |
| Уживање на наркотички дроги (чл.20) | 6 | 9 |
| Присуство на малолетни лица во угостителски објекти по 24 ч. (чл.21) | 2 | 6 |
| Лажно претставување (чл.23) | / | 1 |
| Питачење (чл.24) | 8 | 9 |
| Кој го ремети ЈРМ во заеднички простории (чл.26) | 4 | 6 |
| Кој без заштитни средства држи кучиња (чл.29) | 10 | 21 |
| Неовластено пукање од оружје (чл.31) | / | 4 |
| Не превземање мерки за одржување на ЈРМ (чл.33) | / | 3 |

**Место на извршување на прекршокот:**

Од 01.01.2017 до 30.06.2017година Од 01.01.2016 до 30.06.2016година

| | |
|---|---|
| Град | 111 |
| Село | 15 |
| Улица | 81 |
| Приватен стан | 10 |
| Угостителски објект | 9 |
| Други места | 26 |

| | |
|---|---|
| Град | 127 |
| Село | 6 |
| Улица | 71 |
| Приватен стан | 6 |
| Угостителски објект | 33 |
| Други места | 23 |

**Сторителите најчесто прекршоците ги вршат:**

| **Од 01.01. до 30.06.** | **2017 г** | **2016 г** |
|---|---|---|
| Поединечно | 88 | 105 |
| Здружени 2 лица | 26 | 20 |
| Во група од 3 и повеќе лица | 12 | 10 |

**Возраст и пол на сторителите:**

| **Од 01.01. до 30.06.** | **2017 г** | **2016 г** |
|---|---|---|
| Мажи | 150 | 145 |
| Жени | 17 | 20 |
| Полнолетни | 144 | 149 |
| Малолетници | 23 | 16 |
| Повторници | 21 | 32 |

**Причини кои што довеле до нарушувања на ЈРМ се:**

- должничко доверителни односи
- влошени брачни и семјни односи , влошени меѓучовечки односи
- употреба на алкохол
- прекршоци во сообраќајот кои прераснале во нарушен ЈРМ
- нетолеранција и недолично однесување кое довело до нарушен ЈРМ
- влошени меѓучовечки односи и лична нетрпеливост.

**Регистрирани кривични дела**

**КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛИТЕТ**

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Вкупно регистрирани | 231 | 258 |
| Расветлени +познат | 168 | 176 |
| Нерасветлени | 63 | 82 |
| Поднесени кривични пријави | 131 | 131 |
| Пријавени лица | 167 | 148 |
| Полнолетни | 159 | 141 |
| Малолетни | 8 | 7 |
| Повторници | 72 | 72 |

**Преглед на регистрирани и реализирани КД**

| | 01.01.2017 | 30.06.2017 | 01.01.2016 | 30.06.2016 |
|---|---|---|---|---|
| | **Пријавени КД** | **Реализирани КД** | **Пријавени КД** | **Реализирани КД** |
| | | | | |
| Убиство | / | / | 1 | 1 |
| Убиство во обид | / | / | 1 | 1 |
| Телесна повреда член130 став2 | 6 | 6 | 11 | 11 |
| Тешка Телесна повреда член 131 став 1и2 | 1 | 1 | 2 | 2 |
| Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница(член133) | 4 | 4 | 4 | 4 |
| Кражба | 42 | 22 | 41 | 22 |
| Тешка кражба | 109 | 63 | 109 | 52 |
| Разбојништво | 5 | 4 | 2 | 1 |
| Разбојничка кражба | / | / | / | / |
| Одземање МВ | / | / | 2 | 1 |
| Измама | 6 | 5 | 11 | 11 |
| Изнуда | 2 | 2 | 2 | 2 |
| Точење алкохолни пијалоци на дете | / | / | / | / |
| Фалсификување исправа | 1 | 1 | 5 | 5 |

Начинот на извршување на КД по куќи и станови најчесто е со провалување со помош на подесен алат и физичка сила и на неутврден начин отворање на блиндор врати.
Предмет на напад на криминалците е имот на граѓаните односно злато, пари , техничка роба и други вредни предмети.
Објект на напад се станови, куќи, продавници, цркви, и сл.

**ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ**

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Регистрирани | 29 | 32 |
| Расветлени | 29 | 32 |
| Пријавени лица | 20 | 17 |
| Полнолетни | 20 | 17 |
| Повторници | 12 | 8 |

Во овој период во областа на економскиот криминалитет поднесени се вкупно 21 кривична пријава.

**НТ СО ДРОГА И ОРУЖЈЕ**

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Регистрирани | 27 | 26 |
| Расветлени | 27 | 26 |
| Пријавени лице | 24 | 24 |
| Повторници | 8 | 13 |

Во овој период во оваа област поднесени се 23 кривична пријава.

**ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Регистрирани | 2 | 5 |
| Расветлени | 1 | 5 |
| Пријавени лица | 1 | 5 |
| Полнолетни | 1 | 5 |
| повторници | 1 | 4 |

Во областа на организираниот криминал поднесени се 1 кривична пријава.

**БЕЗБЕДНОСТ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ**

Во периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017 година, од страна на ПС за БПС беа превземени плански мерки и активности на превентивен и репресивен план спрема возила и возачи со цел подобрување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот.
За состојбата во областа на сообраќајот во овој период ги изнесуваме следните статистички показатели:

**Вкупно пријавени сообраќајни незгоди:**

| 2017 | 2016 |
|---|---|
| 141 | 131 |

**Сообраќајни незгоди со потешки последици:**

| 2017 | 2016 |
|---|---|
| 82 | 62 |

**Загинати лица**

| 2017 | 2016 |
|---|---|
| 03 | 02 |

**Повредени лица-вкупно:**

| 2017 | 2016 |
|---|---|
| 98 | 80 |

**Тешко повредени лица:**

| 2017 | 2016 |
|---|---|
| 13 | 10 |

**Лесно повредени лица:**

| 2017 | 2016 |
|---|---|
| 85 | 70 |

**Вкупно регистрирани сообраќајни прекршоци:**

| 2017 | 2016 |
|---|---|
| 571 | 469 |

**Во анализираниот период бележиме:**

| година | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| пријавени лица | 564 | 449 |
| поднесени барања до суд | 314 | 259 |
| поднесени барања до комисија | 250 | 188 |

**Случени сообраќајни незгоди со потешки последици во населено место (град):**

| 2017 | 2016 |
|---|---|
| 51 | 39 |

**Случени сообраќајни незгоди со потешки последици надвор од населено место: според патни правци:**

| 2017 | 2016 |
|---|---|
| Охрид - Кичево - 16 | Охрид -Кичево - 11 |
| Охрид - Св.Наум -10 | Охрид - Св.Наум -05 |
| Охрид - Ресен – 04 | Охрид - Ресен – 04 |
| Охрид - Струга - 01 | Охрид-Струга - 03 |

Како најчеста причина за случување на сообраќајните незгоди се јавува неприлагодена брзина према состојбата и условите на патот, односно факторот човек-возач, кој не ги почитува сообраќајните знаци, правила и прописи во сообраќајот.

Структурата на настрадани учесници во овој период е следна: возачи–34(34),сопатници-32(20),моторциклисти–05(04),

пешаци–17(08),велосипедисти–13(16) што укажува на фактот дека возачите на пмв се најзагрозена категорија на учесници во сообраќајот.

Исто така во овој период на 893(726) лица–возачи регистрирани им се негативни поени во возачка книшка за сторените сообрачќајни прекршоци.

Во контекст на превземените превентивно репресивни мерки од сообраќај , исклучени се 155 (109) возачи и 150(98) возила, времено се одземени 09(29) возачки дозволи, употребен е алкотест во 25 (255) случаи и 05(28) лица покажале знаци на алкохолизираност.

Исто така од страна на ПС за БПС изведени беа акциски контроли од кои 15(15)локални и 16(20) републички контроли по разни основи, односно: техничка неисправност на возилата, регистрирани возила, алкохол, брзина и т.н., со цел превентивно-репресивно да се делува врз возачите да се санкционираат сторителите на прекршоци, а од друга страна да се зголеми безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

**КОМАНДИР на ПС од ОН-ОХРИД**
**Самостоен инспектор, Дејан Додевски**

**Број 08-10968/44-1**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДОПОЛНУВАЊАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на дополнувањата на програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/45** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ДОПОЛНУВАЊАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** дополнувањата на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/45** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА**

**Глава IV.** ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА се дополнува со
- **ЛУПД за откупен центар на кп 176, кп 177, кп178, кп179 и кп 180 во КО Вапила, општина Охрид.**

**Раководител на одделение**
Татјана Стојческа, диа

**Помошник раководител на Сектор за урбанизам иуправување со градежно земјиште**
Бранко Арнаудовски, диа

**Број 08-10968/45-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Охрид за 2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Број 09-10968/46** **ОПШТИНА ОХРИД**
**18.08.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 18.08.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Охрид, усвоена со Одлука на Советот на општина Охрид бр.08-19222/19 од 23.12.2016 година.

**Член 2**

Во Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Охрид за 2017 година, се дополнува со следните точки:

I. Делот - Градежни парцели кои се предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање се дополнува со следните градежни парцели:

- ГП 1.2.275 и ГП 1.2.276 од ДУП за УЗ 1, Блок 1.2, Блок 1.4 и дел од Блок 3.4, КО Охрид 3, општина Охрид

- ГП1.1, ГП1.2, ГП1.3, ГП1.4, ГП1.5, ГП1.6, ГП1.7, ГП1.8, ГП1.9, ГП1.10, ГП1.11, ГП1.12, ГП1.13 и ГП1.14 од УПВНМ – Индустриска зона Мауцкер, КО Долно Лакочереј, општина Охрид

II. ГП 1.31 од ДУП за УЗ 1.3, опфат „1„ КО Охрид 3 се преместува од делот Градежни парцели кои се предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно

приватно партнерство во делот Градежни парцели кои се предмет на отуѓување по пат на јавно наддавање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-10968/46**
**18.08.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**